| 480 | Купување на опрема и машини | 737.436 | 0 | 690.000 | 0 | 0 | 0 | 690.000 |
| 481 | Градежни објекти | 1.100.000 | 0 | 900.000 | 0 | 0 | 0 | 900.000 |
| 483 | Купување на мебел | 120.000 | 0 | 330.000 | 0 | 0 | 0 | 330.000 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлука за извршување на буџетот на општина Пехчево за 2022 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за извршување на буџетот на општина Пехчево за 2022 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на втората седница одржана на ден 23.12.2021 година.

Бр. 09-1386/13
23.12.2021 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.61/04, бр.96/04, бр.67/07, бр.156/09, бр.47/11, бр.192/15 и 209/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.244/19, 53/21, 77/21 и 150/21), член 31 од Законот за буџетите ("Службен весник на Република Македонија" бр.64/05, бр.4/08, бр.103/08, бр.156/09, бр.95/10, бр.180/11, бр.171/12, бр.192/15 и бр.167/16 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.151/21,), член 93 став 2 од Законот за административните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, бр.199/14, бр.48/15, бр.154/15, бр.5/16, бр.80/16, бр.127/16, бр.142/16, бр.2/17, бр.16/17 и бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20 и 215/21), одредбите на Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено – поправните и воспитно – поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 51/20 и 172/21) и член 30 од Статутот на Општина Пехчево ("Службен гласник на Општина Пехчево" бр.03/2021), Советот на Општина Пехчево на седницата одржана на 23.12.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за извршување на Буџетот на Општина Пехчево за 2022 година**

**Член 1**

Буџетот на Општина Пехчево за 2022 година (во понатамошниот текст Буџетот), се извршува според одредбите на оваа Одлука.

**Член 2**

Буџетот на Општината се состои од: Основен буџет, Буџет на самофинансирачки активности, Буџет на дотации, Буџет на кредити и Буџет на донации.

**Член 3**

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

**Член 4**

Расходите утврдени со буџетот се максимални износи над кои општината и буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

**Член 5**

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи на основниот буџет на општината.

Градоначалникот на општината во случај кога очекуваните приходи и други приливи на основните буџети се реализираат на повисоко ниво од планот може да изврши дополнителни отплати на главнина и камата на долг.

Доколку во текот на извршувањето на буџетот градоначалникот на општината оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со Буџетот или реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот, предлага на Советот на општината изменување и дополнување на Буџетот.

Советот на Општината на предлог на Градоначалникот ги донесува измените и дополнувањата на Буџетот најдоцна до 15 ноември во тековната година.

**Член 6**

Пренамената во рамките на одобрените Буџети на општината и буџетските корисници ја одобрува Советот на општината.

Во рамките на расходите утврдени во Буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување од Советот на општината.

Одобрените средства со буџет на ниво на ставка во рамки на буџет и потпрограма не може да бидат намалени повеќе од 20% со Одлука за прераспределба во тековната фискална година.

Одобрените средства за плати и надоместоци во рамки на буџет не можат да се зголемат со прераспределба повеќе од 10%.

**Член 7**

Буџетските корисници, во услови кога во буџетот на самофинансирачки активности; буџетот на дотации, буџетот на донации и/или буџет на заеми планираните приходи и други приливи не се реализираат, односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на општината на одобрување.

**Член 8**

Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

**Член 9**

Исплатата на платите на вработените се извршува во рамките на обезбедените средства во Буџетот, согласно законските прописи.

Коефициентот за утврдување на плата на избраните и именуваните лица - Градоначалникот се определува според бројот на жителите во општината, а вредноста на коефициентот за плата се утврдува согласно законските прописи. Вредноста на коефициентот за платата на избрани и именувани лица во Републиката, изнесува 26.755,00 денари.

За вработените кои имаат статус на државни службеници вредноста на бодот за утврдување на бруто платите се утврдува со Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници, која ја донесува Советот.

За вработени кои немаат статус на државни службеници вредноста на бодот за утврдување на бруто плата изнесува 155,60 денари.

Бруто платите на вработените во локалните јавни установи за 2022 година ќе се исплатуваат согласно утврдените коефициенти и утврдената вредност на бодот утврден со потпишаните колективни договори со ресорните министерства.

**Член 10**

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи, кои се финансираат со блок дотации се спроведува на следниот начин:

- средствата се планираат на наменската сметка дотации (930), а се извршуваат преку сметката-дотации на локални јавни установи (903),
- локалните јавни установи финасирани со блок дотации од општинскиот буџет се должни во рок од два дена пред исплатата на платите на вработените до Општината да достават барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе приложат образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, плата како и други податоци предвидени во образецот во пишана и електронска верзија (електронска пошта и друго) за односниот месец за кој се однесува исплатата, кое се доставува до надлежното Министерство .
- во случај на нови вработувања во локалните јавни установи кои се финасираат од општинскиот буџет истите се должни да достават известување за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М-1, а за новите вработувања кои се финансираат од блок дотацијата се доставува известување за обезбедени финансиски средства од надлежното Министерство и Министерство за финансии и се приложува образец М-1.

**Член 11**

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи кои се финасираат од општинскиот Буџет (Буџетот на дотации) ја контролира и одобрува Министерството за финасии.

Градоначалникот на општината одделните пресметки на локалните јавни установи ги доставува до надлежното Министерство од кое се трансферира блок дотација.

Ресорните Министерства доставените пресметки за исплата на бруто плати и надоместоци ги доставуваат до Министерство за финасии за контрола и евиденција.

**Член 12**

На членовите на Совет на Општина Пехчево им припаѓа месечен надоместок за присуство на седницата на Советот и надоместок за патните и дневните трошоци.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот на Општина Пехчево се утврдува во процентуален износ и изнесува 40 % од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година.

На претседателот на Совет на Општина Пехчево за раководењето и организирањето на работата на Советот, надоместокот од став 2 на овој член се зголемува за 30%.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се исплатува за присуство на сите седници на Советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се намалува за 30 % за секое отсуство од седниците на Советот.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот не се исплатува доколку членот на Советот не присуствувал на ниту една седница на Советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седницата на Советот не се исплатува доколку Советот во тековниот месец не одржал седница.

На членовите на Советот на Општина Пехчево им се исплатуваат надоместоците за патни и дневни трошоци за службени патувања во земјата и странство според прописите кои се однесуваат на државните службеници вработени во општинската администрација.

**Член 13**

Исплата на име надомест за годишен одмор ќе се врши од програма – Општинска администрација – Е0 и програма – Градоначалник – Д0 од расходно конто 404110 - Надомест за годишен одмор, на основа донесено решение од Градоначалникот.

За работниците ангажирани со договори за отстапување на работник за привремени вработувања, средствата за исплата на регрес за годишен одмор ги обезбедува работодавачот од ставка 427110 – Привремени вработувања, а исплатата ја врши Агенцијата за привремени вработувања по претходно платена фактура од општината кон Агенцијата.

Висината на надоместокот за годишен одмор се утврдува во износ не повеќе од 60% од просечната месечната нето плата во Република Северна Македонија објавена до денот на исплатата.

**Член 14**

Надоместокот за дневница за службено патување во Републиката без трошоците за ноќевање изнесува 500,00 денари.

Доколку патувањето траело повеќе од 12 часа се исплатува цела дневница.

За патување од 8 до 12 часа се исплатува 50 % од утврдениот износ во ставот 1 од овој член.

Доколку на вработениот му се обезбедени ноќевање, превоз и храна од организаторот, му следуваат 20 % од утврдениот износ во став 1 од овој член.

Износот на дневниците за службено патување во странство се исплатуваат согласно Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство, што на органите на управата им се признаваат во тековни трошоци и тоа:

- 50% од утврдената дневница, ако се поднесе сметка за сместување, како и во случаи кога сместувањето не паѓа на товар на органот на управата,
- 20% од утврдената дневница, ако издатоците за сместување и исхрана не паѓаат на товар на органот на управување.
- 5% од утврдената дневница, ако издатоците за стручно оспособување и усовршување не паѓаат на товар на органот на управување, а престојот е над 30 дена.

Пресметката на издатоците за службено патување во странство преку дневница се одредува и тоа:

- една дневница - за секои 24 часа поминати на службено патување во странство и ако вкупното патување трае подолго од 12 часа и
- половина дневница за време од 12 часа поминати на службено патување во странство, како и во случај кога остатокот од времето во континуитет е подолго од 8 часа.

**Член 15**

Во случај на непрекинато боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување на вработениот во општината и локалната јавна установа му се исплатува еднократна парична помош во висина од една последна исплатена просечна месечна нето плата во органот каде што е вработен.

Во случај на смрт на вработениот во општината и локалната јавна установа на неговото семејство му припаѓа парична помош во износ од две последни исплатени плати во органот каде што бил вработен работникот, но не повеќе од 30.000 денари.

На вработениот во општината и локалната јавна установа во случај на смрт на член на потесно семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноците, посвоените деца и деца земени на издржување) му припаѓа парична помош во висина на една последна исплатена просечна месечна плата во органот каде што бил вработен работникот, но не повеќе од 15.000 денари.

Надоместоците од ставовите 1, 2 и 3 од овој член се исплатуваат по претходно доставено барање со комплетирана документација во годината на настапување на смртта, односно во годината која следи по годината на настапување на смртта и донесено решение од страна на Градоначалникот на општината.

Средствата за овие намени се планираат во Буџетот на општината на соодветните програми - за вработениот во општината се планираат во програмата Е0 – Општинска администрација и програма – Градоначалник – Д0, односно за вработениот во локалната јавна установа во програмите Н1 - Основно образование, В1 - Детски градинки, К1 - Библиотекарство и К2 - Музичко и сценско-уметничка дејност од подставка 464990 – Разни трансфери.

За работниците ангажирани со договори за отстапување на работник за привремени вработувања, средствата за исплата на солидарна помош на вработените ги обезбедува работодавачот, а исплатата ја врши Агенцијата за привремени вработувања.

**Член 16**

Во случај на заминување на работникот, вработен во Општината и/или локалната јавна установа, во пензија му се исплатува надоместок за отпремнина во двократен износ на пресметана просечна месечна нето плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата, врз основа на член 9 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за исплата на платите.

Средствата за вработениот во општината се планираат во програмата Е0 – Општинска администрација, односно за вработениот во локалната јавна установа во програмите Н1 - Основно образование, В1 - Детски градинки, К1 - Библиотекарство и К2 - Музичко и сценско-уметничка дејност на ставка 464 Разни трансфери – 464940 – Трансфери при пензионирање.

**Член 17**

Користењето на средствата од буџетот на општината за вршење на функциите се извршува со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, со ситуација и други документи почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи во противвредност на 6.000,00 денари, при што задолжително мора да биде приложена фискална сметка, а расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 18**

За средствата утврдени во Буџетот на Општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва) во програма А0-Совет на општина, одлучува Советот на општината, а ги извршува Градоначалникот.

За средствата утврдени во Буџетот на општината во рамките на резервите (тековна буџетска резерва) во програма Д0-Градоначалник, одлучува Градоначалникот на општината до износ од 50.000 денари.

За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

**Член 19**

За средствата распоредени во сите програми и потпрограми во Буџетот за 2022 година одлучува Градоначалникот на општина Пехчево во рамки на утврдени износи во Буџетот, освен за трошење на средствата од подставките во програма Совет на општина А0 и тоа:

- тековна резерва, трансфери до здруженија на граѓани и фондации и трансфери до невладини организации;
- трансфери до спортски клубови и
- други трансфери за кои одлучува Советот на општина Пехчево .

**Член 20**

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделните програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на општината.

**Член 21**

Буџетските корисници можат да вработуваат нови работници и да пополнуваат испразнети работни места само под услов, ако за тоа се обезбедени средства во Буџетот на општината. За обезбедените средства Градоначалникот на општината дава писмено известување за обезбедените средства, по претходно дадено позитивно мислење од Министерство за информатичко општество и администрација на актите за систематизација.

**Член 22**

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, или на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

Правото на поврат, односно пренасочување на приходите, застарува во рок од пет години од денот кога истите се уплатени, доколку со друг закон не е поинаку уредено.

**Член 23**

Општината и локалната јавна установа водат евиденција и вршат пријавување на преземени повеќегодишни обврски (ПО1 образец) и преземени обврски за тековната година (О1 образец).

**Член 24**

Буџетот на Општина Пехчево се извршува од 1 јануари до 31 декември 2022 година.

**Член 25**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Пехчево”, а ќе се применува од 1 Јануари 2022 година.

Бр.08-1354/1
23.12.2021 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за утврдување вредност на бодот за платите на државните службеници за 2022 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за утврдување вредност на бодот за платите на државните службеници за 2022 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на втората седница одржана на ден 23.12.2021 година.

Бр. 09-1386/14 — Градоначалник на
23.12.2021 год. — Општина Пехчево
Пехчево — Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 88 став 2 од Законот за административни службеници (Службен весник на Република Македонија бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/19, 14/20 и 215/21), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02) и член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево, на седницата одржана на 23.12.2021 година донесе:

**ОДЛУКА**
**за утврдување на вредност на бодот на платите на државните службеници за 2022 година**

**Член 1**

Вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2022 година изнесува 81,60 денари.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево, а ќе се применува со исплата на платата за јануари 2022 година.

Бр.08-1355/1 — Совет на општина Пехчево
23.12.2021 година — Претседател
Пехчево — Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за утврдување на висината на благајничкиот максимум за 2022 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за утврдување на висината на благајничкиот максимум за 2022 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на втората седница одржана на ден 23.12.2021 година.

Бр. 09-1386/15
23.12.2021 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 20 од Законот за платен промет (Службен весник на РМ бр. 113/07, 22/08, 159/08, 133/09, 145/10, 35/11, 11/12, 59/12, 166/12, 170/13, 153/15, 199/15, 193/17 и 7/19 и Службен весник на РСМ бр. 31/20), член 36 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02) и член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 23.12.2021 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на висината на благајничкиот максимум за 2022 година**

**Член 1**

Благајничкиот максимум за 2022 година се утврдува во износ од 50.000,00 (педесет илјади) денари.

**Член 2**

Остварениот прилив на парични средства во благајната од дневен пазар и по други основи ќе се уплатува на трезорска сметка истиот ден или најдоцна наредниот работен ден.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1356/1
23.12.2021 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за усвојување на Буџетскиот календар на општина Пехчево за 2023 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на Буџетскиот календар на општина Пехчево за 2023 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на втората седница одржана на ден 23.12.2021 година.

Бр. 09-1386/16
23.12.2021 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 27 став 3 точка 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр. 61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/2011, 192/2015 и 209/2018 и Службен весник на РСМ бр.244/2019, 53/2021, 77/2021 и 150/2021) и член 30 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 23.12.2021 година, донесе

**БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР**
**за подготовка и донесување на Буџетот на општина Пехчево за 2023 година**

| **Mo`en datum** | **B u x e t s k i a k t i v n o s t i** | **Odgovornost** |
|---|---|---|
| Dekemvri 2021-Mart-2022 | Sovetot na op{tinata donesuva Buxetski kalendar | Sovet na op{tina Peh~evo |
| Septemvri 2022 | Se dostavuvaat formulari (obrasci) za izgotvuvawe na mese~ni, kvartalni i godi{ni planovi do edinkite korisnici | Gradona~alnik Oddelenie za finansiski pra{awa |
| 01-30/09/22 | Ministerot za finansii dostavuva Bu-xetski cirkular vo koj se sodr`ani glavnite nasoki za izgotvuvawe na Predlog-buxetite za narednata godina i visinata na dotaciite na Buxetot na RM, koj im go dostavuva na op{tinata | Ministerstvo za finansii - ~len 21 od Zakonot na Buxetite („Sl. Vesnik na RM“ br.64/04); ~len 27 st.1 i 2 od Zakonot za finansirawe na ELS („Sl. vesnik na RM“ br.61/04) |
| 05/10/2022 | Gradona~alnikot i Oddelenieto za finansiski pra{awa sostanuvaat za da gi odredat prioritetite i | Gradona~alnikot, Oddelenie za finansiski pra{awa |

| | | |
|---|---|---|
| | odredbite na buxetot za narednata godina | |
| 10/10/2022 | Buxetskite informacii se dostavuvaat do drugite oddelenija na op{tinata i do site op{tinski edinki -korisnici | Oddelenie za finansiski pra{awa |
| 25/10/2022 | Procenkata na tro{ocite i izgotvenite programski aktivnosti za narednata bu-<br>xetska godina se vra}aat vo Oddelenieto za finansiski pra{awa od ostanatite oddelenija i od op{tinskite buxetski korisnici | Odgovorni lica<br>Buxetski korisnici |
| 30/10/2022 | a. Se sobiraat buxetskite barawa<br>b. Barawata se analizirat i usogla-suvaat<br>v. Se izgotvuva bilansot na prihodi<br>g. Se izgotvuva bilansot na rashodi | Oddelenie za finansiski pra{awa |
| Noemvri 2022 | Gradona~alnikot gi razgleduva i odobru-<br>va predlo`enite predlog-buxetski pre-<br>smetki i go odobruva Predlog-Buxetot<br>podgotven od Oddelenieto za finansiski pra{awa. | Gradona~alnik |
| Noemvri / Dekemvri 2022 | a. Predlog-Buxetot se dostavuva do So-<br>vetot na op{tinata<br>b. Se odobruva sodr`inata na Predlog-<br>Buxetot i se dava na dostapnost na<br>javnosta | Gradona~alnik |
| Dekemvri 2022 | Do Sovetot se dostavuva kone~en Predlog - Buxet od strana na Gradona~alnikot | Gradona~alnik |
| Dekemvri 2022 | Se vodi rasprava vo telata na Sovetot na op{tinata | Komisija za finansirawe, Buxet i LER |
| Dekemvri 2022 | 1.Sednica na Sovetot na op{tinata za<br>donesuvawe na Buxetot za narednata god.<br>2.Dokolku Sovetot ne go usvoi | Sovet na op{tina Peh~evo |

| | | |
|---|---|---|
| | Predlog- Buxetot se donesuva Odluka za vremeno finansirawe soglasno ~len 28 st.2 od Zakonot za finansirawe na ELS (Sl. vesnik na RM br.61/04) | |
| 1 Januari 2023 | Zapo~nuva nova Buxetska godina | Gradona~alnik Oddelenie za finasiski pra{awa |

Буџетскиот календар влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1357/1
23.12.2021 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлука за усвојување на Одлуката од УО на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево, за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување, за регулиран период 2022-2024 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на Одлуката од УО на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево, за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување, за регулиран период 2022-2024 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на втората седница одржана на ден 23.12.2021 година.

Бр. 09-1386/17
23.12.2021 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 и член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 30 став 1 точка 25 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021 - Пречистен текст), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 23.12.2021 година донесе:

**ОДЛУКА**

**За усвојување на Одлуката од УО на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување, за регулиран период 2022 - 2024 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево ја усвојува Одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец„ - Пехчево за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување, за регулиран период 2022 - 2024 година.

**Член 2**

Одлуката од УО на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево, за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување, за регулиран период 2022 - 2024 година бр. 02-487/2 од 17.08.2021 година, е составен дел од оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1358/1<br>23.12.2021 година<br>Пехчево

Совет на општина Пехчево<br>Претседател<br>Виолета Ѓорѓиевска с.р

ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
ЈАВНО КОМУНАЛНО
ПРЕТПРИЈАТИЕ
"КОМУНАЛЕЦ"
Бр. 02-487/2
17.08.2021 год.
ПЕХЧЕВО

Врз основа на одредбите од член 1, член 13 од Методологијата за определување на тарифите за водни услуги (Сл. весник на РМ бр.63/2017 и бр.172/2018), член 19 од Законот за јавни претпријатија (Сл. весник на РМ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 19/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/2018 и Сл. весник на РСМ бр. 275/2019), член 13 од Законот за утврдување на цени на водни услуги (Сл. весник на РМ" бр.7/2016), Решението за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП "Комуналец" Пехчево за регулиран период 2022 - 2024 година УП1 бр.08-104/21 од 26.07.2021 година на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија и член 14 од Статутот, Управниот одбор на ЈКП "Комуналец" – Пехчево, на седницата одржана на ден 17.08.2021 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП "Комуналец"- Пехчево за регулиран период 2022-2024 година**

**Член 1**

Тарифите за услугата снабдување со вода за пиење или водоснабдување што ЈКП "Комуналец" - Пехчево ја врши одделено по категории на корисници, донесена врз основа на Решението за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП "Комуналец"- Пехчево за регулиран период 2022-2024 година УП1 бр. 08 – 104/21 од 26.07.2021 година на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, изнесува:

1. За регулиран период 2022-2024 година, се утврдува тарифа на услугата снабдување со вода за пиење на физички лица и тоа:
   - За 2022 година во износ од 30,08 ден/м$^3$ + 53,05 ден/месечен фиксен надоместок
   - За 2023 година во износ од 30,68 ден/м$^3$ + 53,05 ден/месечен фиксен надоместок
   - за 2024 година во износ од 31,66 ден/м$^3$ + 53,05 ден/месечен фиксен надоместок

2. За регулиран период 2022-2024 година, се утврдува тарифа на услугата снабдување со вода за пиење на правни лица и тоа:
   - За 2022 година во износ од 54,15 ден/м$^3$ + 74,28 ден/месечен фиксен надоместок
   - За 2023 година во износ од 53,70 ден/м$^3$ + 74,28 ден/месечен фиксен надоместок
   - за 2024 година во износ од 53,82 ден/м$^3$ + 74,28 ден/месечен фиксен надоместок

На овие тарифи ќе се пресметува +5% ДДВ и +2% надоместок за користење на вода.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила по добиена согласност од Советот на Општина Пехчево и објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

*О б р а з л о ж е н и е*

Врз основа на одредбите од членовите 1, 2, 11 и 13 од од Методологијата за определување на тарифите за водни услуги (Сл. весник на РМ бр.63/2017 и 172/2018),член 19 од Законот за јавни претпријатија (Сл. весник РМ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 19/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/2018 и Сл. весник на РСМ бр. 275/2019), член 11 и член 13 од Законот за утврдување на цени на водни услуги (Сл. весник на РМ" бр.7/2016), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија донесе Решението за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП "Комуналец"- Пехчево за регулиран период 2022-2024 година УП1 бр.08 – 104/21 од 26.07.2021 година.

ЈКП,,Комуналец"- Пехчево при одредување на конечната верзија на тарифа согласно законската можност ја избра оваа тарифа, водејќи се при тоа од интересите на крајните корисници.

Со оваа тарифа се очекува да бидат покриени минималните оперативни трошоци и амортизација на сопствените основни средства на ЈКП "Комуналец"- Пехчево како давател на водната услуга.

Врз основа на погореизнесеното Управниот одбор се одлучи како во диспозитивот на Одлуката.

Управен одбор на
ЈКП „Комуналец" - Пехчево
Претседател
Ванчо Мустачки

17.08.2021 година
Пехчево

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлука за усвојување на одлука од УО на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води, за регулиран период 2022-2024 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на одлука од УО на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води, за регулиран период 2022-2024 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на втората седница одржана на ден 23.12.2021 година.

Бр. 09-1386/18<br>
23.12.2021 год.<br>
Пехчево

Градоначалник на<br>
Општина Пехчево<br>
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 и член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 30 став 1 точка 25 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021 – Пречистен текст), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 23.12.2021 година донесе:

**ОДЛУКА**

**За усвојување на одлука од УО на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води, за регулиран период 2022-2024 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево ја усвојува Одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води, за регулиран период 2022-2024 година.

**Член 2**

Одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води, за регулиран период 2022-2024 година бр. 02-487/3 од 17.08.2021 година, е составен дел од оваа Одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1359/1<br>
23.12.2021 година<br>
Пехчево

Совет на општина Пехчево<br>
Претседател<br>
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
ЈАВНО КОМУНАЛНО
ПРЕТПРИЈАТИЕ
"КОМУНАЛЕЦ"
Бр. 02-487/3
17.08.2021 год.
ПЕХЧЕВО

Врз основа на одредбите од член 1, член 13 од Методологијата за определување на тарифите за водни услуги (Сл. Весник на РМ бр.63/2017 и бр.172/2018), член 19 од Законот за јавни претпријатија (Сл. Весник на РМ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 19/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/2018, 35/2019, и Сл. Весник на РСМ бр. 275/2019), член 13 од Законот за утврдување на цени на водни услуги (Сл. Весник на РМ бр.7/2016), Решението за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП "Комуналец" - Пехчево за регулиран период 2022 - 2024 година УП1 бр.08 – 103/21 од 26.07.2021 година на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија и член 14 од Статутот, Управниот одбор на ЈКП "Комуналец" – Пехчево, на седницата одржана на ден 17.08.2021 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА
## за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП "Комуналец" – Пехчево за регулиран период 2022-2024 година

### Член 1

Тарифите за собирање и одведување на урбани отпадни води што ЈКП "Комуналец" - Пехчево ја врши одделено по категории на корисници донесена врз основа на Решението за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП "Комуналец" - Пехчево за регулиран период 2022-2024 година УП1 бр. 08 – 103/21 од 26.07.2021 година на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, изнесува:

1. За регулиран период 2022-2024 година, се утврдува тарифа на услугата собирање и одведување на урбани отпадни води на физички лица и тоа:

   - За 2022 година во износ од 13,16 ден /$м^3$
   - За 2023 година во износ од 13,34 ден /$м^3$
   - за 2024 година во износ од 13,53 ден /$м^3$

2. За регулиран период 2022-2024 година, се утврдува тарифа на услугата собирање и одведување на урбани отпадни води на правни лица и тоа:

   - За 2022 година во износ од 23,02 ден /$м^3$
   - За 2023 година во износ од 22,68 ден /$м^3$
   - за 2024 година во износ од 22,33 ден /$м^3$

На овие тарифи ќе се пресметува +5% ДДВ и +1% надоместок за испуштање на отпадни води.

### Член 2

Оваа одлука влегува во сила по добиена согласност од Советот на Општина Пехчево и објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

## *О б р а з л о ж е н и е*

Врз основа на одредбите од членовите 1, 2, 11 и 13 од од Методолигијата за определување на тарифите за водни услуги (Сл. Весник на РМ бр.63/2017 и бр.172/2018), член 19 од Законот за јавни претпријатија (Сл. Весник на РМ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 19/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/2018 и Сл. Весник на РСМ бр. 275/2019), член 11 и член 13 од Законот за утврдување на цени на водни услуги (Сл. Весник на РМ бр.7/2016), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија донесе Решението за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП "Комуналец" - Пехчево за регулиран период 2022-2024 година УП1 бр.08 – 103/21 од 26.07.2021 година.

ЈКП "Комуналец" – Пехчево, при одредување на конечната верзија на тарифа согласно законската можност ја избра оваа тарифа, водејќи се при тоа од интересите на крајните корисници.

Со оваа тарифа се очекува да бидат покриени минималните оперативни трошоци и амортизација на сопствените основни средства на ЈКП "Комуналец" - Пехчево како давател на водната услуга.

Врз основа на погореизнесеното, Управниот одбор одлучи како во диспозитивот на Одлуката.

17.08.2021 година
Пехчево

Управен одбор
на ЈКП "Комуналец"- Пехчево
Претседател
Ванчо Мустачки

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлука за висината на цената за собирање и транспортирање на комунален отпад од вилите на туристичкиот локалитет Равна Река - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за висината на цената за собирање и транспортирање на комунален отпад од вилите на туристичкиот локалитет Равна Река - Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на втората седница одржана на ден 23.12.2021 година.

Бр. 09-1386/19<br>23.12.2021 год.<br>Пехчево

Градоначалник на<br>Општина Пехчево<br>Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 121 став 1 од Законот за управување со отпад (Сл.весник на РМ бр. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 82/09, 124/10, 09/11, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13,51/15, 146/15, 156/15, 192/15, 39/16 и 63/16), член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002) и член 30 точка 25 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 23.12.2021 година донесе

**О Д Л У К А**

**за висината на цената за собирање и транспортирање на комунален отпад од вилите на туристичкиот локалитет Равна Река - Пехчево**

Член 1

Советот на општина Пехчево не ја одобрува висината на цената за собирање и транспортирање на комунален отпад од вилите на туристичкиот локалитет Равна Река - Пехчево, доставена по предлог на Градоначалникот на општина Пехчево бр. 08-1303/1 од 14.12.2021 година.

Член 2

Висината на цената на комуналната услуга собирање и транспортирање на комунален отпад од вилите на туристичкиот локалитет Равна Река – Пехчево изнесува **200,00 денари** на месец со вклучен ДДВ.

Член 3

На сопствениците на вилите на туристичкиот локалитет Равна Река – Пехчево, комуналната услуга собирање и транспортирање на комунален отпад, ќе им се наплатува за секој месец во годината.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево, а ќе почне да се применува од 01.01.2022 година.

Бр.08-1360/1
23.12.2021 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за разрешување и именување на членови на Управен одбор на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за разрешување и именување на членови на Управен одбор на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на втората седница одржана на ден 23.12.2021 година.

Бр. 09-1386/20
23.12.2021 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.05/2002), член 114 став 6 и став 17 од Законот за заштита на децата (Сл.Весник на Р.М бр.23/13....163/17) и член 30 став 1 точка 26 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 23.12.2021 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за разрешување и именување на членови на Управен одбор на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево**

**Член 1**

Аница Димитровска Јовчев (претставник од Министерство за труд и социјална политика) се разрешува од должноста член на Управен одбор во ОЈУДГ ,,7 Септември„ - Пехчево, поради истек на мандат.

За нов член на Управен одбор на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево се именува Елеонора Димитров (претставник од Министерство за труд и социјална политика), согласно член 114 став 8 и став 18 од Законот за заштита на децата.

**Член 3**

Согласно член 115 став 1 од Законот за заштита на децата (Сл.Весник на Р.М бр.23/13....163/17), членовите на управниот одбор се именуваат за период од четири години.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1361/1
23.12.2021 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за разрешување и именување на член на Управен одбор на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за за разрешување и именување на член на Управен одбор на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на вторaта седница одржана на ден 23.12.2021 година.

Бр. 09-1386/21
23.12.2021 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.05/02), член 17 од Законот за јавните претпријатија (Сл.Весник на Р.М бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16) и член 30 став 1 точка 26 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 23.12.2021 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за разрешување и именување на член на Управен одбор на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево**

**Член 1**

Љупчо Костадинов се разрешува од должноста член на Управен одбор на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево, поради негово барање (неспоивост на функции).

За нов член на Управен одбор на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево се именува:

- Александар Ѓорѓиевски - Пехчево

**Член 2**

Членот на Управен одбор на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево се именува за период од 4 (четири) години со право на повторно именување.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1362/1
23.12.2021 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за работа на советот на општина Пехчево за 2022 година**

СЕ ОБЈАВУВА Програма за работа на советот на општина Пехчево за 2022 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на втората седница одржана на ден 23.12.2021 година.

Бр. 09-1386/22
23.12.2021 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на Р.Македонија бр 5/2002), член 30 став 1 точка 3 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 03/2021) и член 130 од Деловникот за работа на советот на општина Пехчево, Советот на општина Пехчево на седницата, одржана на 23.12.2021 година, донесе:

**ПРОГРАМА**
**за работа на Советот на општина Пехчево за 2022 година**

I. ОПШТ ДЕЛ

Според надлежностите што се определени со Уставот на РСМ, Законот за локалната самоуправа, Стаутот и Деловникот за работа на Советот на општина Пехчево, Советот донесува Програма за работа за 2022 година.

Во Програмата се обележани основните рамки и насоки за работа на Советот во календарската 2022 година согласно со надлежностите кои се во ингеренции на Советот. Програмата овозможува транспарентност во работата на општината и е отворена за постојано проширување и дополнување согласно со укажувања на заинтересирани субјекти и поединци од општината.

II. ПОСЕБЕН ДЕЛ

Прво тримесечие - период ЈАНУАРИ - МАРТ 2022 година

**1. Завршна сметка на општина Пехчево за 2021 година**
Изготвува: Одделение за финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансирање и буџет
Донесува: Совет на општина Пехчево

**2. Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во општина Пехчево за 2022 година**
Изготвува: Одделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животна средина и ЛЕР

Разгледува: Комисија за урбанизам и комунални дејности.
Усвојува: Совет на општина Пехчево
Реализира: Општина Пехчево

**3. Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести во 2022 година**
Изработува: Одделение за инспекциски работи - Инспекторат
Донесува: Совет на општина Пехчево
Реализира: општина Пехчево

**4. Завршна сметка на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за 2021 година**
Изготвува: ЈКП Комуналец - Пехчево
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**5. Извештај за работењето на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за 2021 година**
Изготвува: ЈКП Комуналец - Пехчево
Разгледува: Комисија за урбанизам комунални дејности и животна средина
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**6. Финансиски план за работа на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за 2022 година**
Изготвува: ЈКП Комуналец - Пехчево
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево
Реализира ЈКП Комуналец - Пехчево

**7. Годишен план за јавни набавки за 2022 година на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево**
Изготвува: ЈКП Комуналец - Пехчево
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево
Реализира ЈКП Комуналец - Пехчево

**8. Завршна сметка на ЈПУД „Равен„ - Пехчево за 2021 година**
Изготвува: ЈПУД Равен - Пехчево
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**9. Извештај за работењето на ЈПУД „Равен„ - Пехчево за 2021 година**
Изготвува: ЈПУД Равен - Пехчево
Разгледува: Комисија за урбанизам комунални дејности и животна средина
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**10. Финансиски план за работа на ЈПУД „Равен„ - Пехчево за 2022 година**
Изготвува: ЈПУД Равен - Пехчево
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува; Совет на општина Пехчево
Реализира ЈПУД Равен - Пехчево

**11. Усвојување на програма за одржување на јавно зеленило во општина Пехчево за 2022 година**
Изготвува: Одделение за урбанизам, комунални дејности заштита на животна средина и ЛЕР
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности и животна средина
Усвојува: Совет на општина Пехчево
Реализира: Совет на општина Пехчево

**12. Усвојување на програма за изработка на Урбанистички планови во општина Пехчево за 2022 година**
Изготвува: Одделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животна средина и ЛЕР
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности и животна средина
Усвојува: Совет на општина Пехчево
Реализира: Совет на општина Пехчево

**13. Програма за работа на одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животна средина и ЛЕР за 2022 година**
Изготвува: Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности и животна средина
Усвојува: Совет на општина Пехчево
Реализира: Совет на општина Пехчево

**14. Усвојување на завршна сметка на матична библиотека „Кочо Рацин„ - Пехчево за 2021 година**
Изготвува: Стручна служба при матична библиотека ,,Кочо Рацин,, - Пехчево
Разгледува Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**15. Усвојување на завршна сметка на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево за 2021 година**
Изработува: Стручна служба при ОЈУДГ ,,7 Септември,, - Пехчево
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**16. Усвојување на завршна сметка на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2021 година**
Изготвува: Стручна служба при Дом на културата Јане Сандански Пехчево
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува:Совет на општина Пехчево

**17. Усвојување на завршна сметка на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за 2021 година**
Изготвува: Стручна служба при ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево
Разгледува Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**18. Усвојување на полугодишниот извештај за работа на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2021/2022 година**
Изготвува: Стручна служба при ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево
Разгледува Совет на општина Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**19. Програма за одбележување на значајни празници и настани за 2022 година**
Изготвува: Комисија за одбележување на значајни празници и настани.
Усвојува: Совет на општина Пехчево
Реализира: општина Пехчево

**Квартал Април - Јуни 2022 година**

**1. Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Пехчево за период Јануари - Март 2022 година**
Изготвува: Одделение за финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**2. Измена и дополнување на Буџетот на општина Пехчево (Ребаланс на Буџет) за 2022 година**
Изготвува: Одделение за финансиски прашања
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**3. Извештај за зимското одржување на улиците во општина Пехчево за 2021-2022 година**
Изготвува: ЈКП Комуналец - Пехчево
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина
Реализира: ЈКП Комуналец - Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**4. Информација за здравствената исправност на водата за пиење во општинскиот водовод - Пехчево и чешмите во излетничките места во општина Пехчево за 2022 година**
Изготвува: ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево во соработка со ЈЗО - ЗЗЗ Кочани
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**5. Извештај за работењето на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за периодот 2021 - 2022 година**
Изготвува: ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**6. Извештај за работењето на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево за периодот 2021 - 2022 година**
Изготвува: ОЈУДГ ,,7 Септември,, - Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**7. Информација за состојбата со градските гробишта во општина Пехчево за 2022 година**
Изготвува: ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**8. Информација за состојбата со спортската сала Јане Сандански, спортски терении и објекти во општина Пехчево, за 2022 година**
Изготвува: ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**9. Донесување, изменување и дополнување на урбанистичките планови во општина Пехчево во текот на 2022 год. Реализацијата ќе биде во текот на целата година согласно постапките за нивно донесување;**
Изготвува: Одделение за урбанизам, комунални рабти и животна средина и ЛЕР

Усвојува: Совет на општина Пехчево

**Квартал Јули - Септември 2022 година**

**1. Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Пехчево за период Април - Јуни 2022 година;**
Изготвува: Одделение за финансиски прашања
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**2. Годишна програма за работа на ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево за учебната 2022/2023 год**
Изготвува: ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**3. Годишна програма за работа на ОЈУДГ „7 Септември,, - Пехчево за 2022/2023 година**
Изготвува: ОЈУДГ ,,7 Септември,, - Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**4. Извештај за реализација на средствата приберени по основ на комунална такса за јавно осветлување на општина Пехчево за периодот Јануари - Јуни 2022 година**
Изготвува: Одделение за финансиски прашања
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**5. Годишен извештај за Јавната безбедност на подрачјето на општина Пехчево за 2022 година**
Изготвува: ПС - Берово, Полициско одделение Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**6. Информација за наплата на комуналните такси во 2022 год.**
Изготвува: ЈКП Комуналец - Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**7. Информација за состојбата со депонијата на територијата на општина Пехчево и предлог мерки за заштита**
Изготвува: Инспектор за комунални работи и заштита на животна средина во соработка со ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**8. Програма за одбележување на „7-ми Септември„ ден на ослободување на Пехчево за 2022 година**
Изготвува: Комисија за одбележување на значајни настани
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**Квартал Октомври - Декември 2022 година**

**1. Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Пехчево за периодот Јули - Септември 2022 година**
Изготвува: Одделение за финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**2. Ребаланс на Буџетот на општина Пехчево за 2022 година**
Изготвува: Одделение финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**3. Предлог - Буџет на општина Пехчево за 2023 година**
Изготвува : Одделение за финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**4. Програма за одржување на улиците во зимски услови во општина Пехчево за 2022/2023 година**
Изготвува: Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**5. Донесување на програма за работа на Советот на општина Пехчево за 2023 година**
Изработува: Комисија за изготвување на програма за работа на советот на општина Пехчево
Донесува: Совет на општина Пехчево
Реализира: Совет на општина Пехчево

III. НОРМАТИВЕН ДЕЛ

Со овој дел од Програмата за работа на Советот на општина Пехчево се обработува нормативната дејност на Советот што треба да се извршува во текот на 2022 година. Советот ќе донесува нормативни акти за усогласување на постојните прописи во изминатиот период, како и нормативни акти што треба да се донесат од страна на Советот врз основа на прописите, што ќе бидат донесени во текот на 2022 година.

IV. ЗАВРШЕН ДЕЛ

За извршување на Програмата за работа на Советот на општина Пехчево се задолжуваат предлагачите и изготвувачите да се придржуваат на роковите утврдени со програмата. Во текот на 2022 година Советот на општината ќе ги разгледа и сите тековни прашања што спаѓаат во негова надлежност согласно член 36 од Законот за Локална самоуправа. Извршувањето на Програмата на Советот на општина Пехчево ќе зависи од законските и пред се од финансиските предуслови на општината и на другите субјекти со кои се поврзани зацртаните активности од истата.

Бр.08-1363/1
23.12.2021 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлука за користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси, специјални возила и мотоцикли за 2022 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси, специјални возила и мотоцикли за 2022 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на втората седница одржана на ден 23.12.2021 година.

Бр. 09-1386/23 Градоначалник на
23.12.2021 год. Општина Пехчево
Пехчево Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 62 став 1, член 36 став 1 точка 3, член 11 од Законот за локална самоуиправа (Сл. весник на РМ бр.05/2002), член 2 став 2 и член 20 став 1 тарифен број 9 од Законот за комунални такси (Сл. весник на Р.М. бр. 61/04) и член 30 став 1 точка 42 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 23.12.2021 година донесе:

**О Д Л У К А**

**За користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси специјални возила и мотоцикли за 2022 год.**

Член 1

За користење на улици со патнички, товарни моторни возила, автобуси, специјални возила и мотоцикли се утврдува тарифа за комунални такси во општина Пехчево за 2022 год. и тоа:

-за патнички возила до 1000 кубика ...................................... 50,00 денари.
-за патнички возила од 1000 до 1300 кубика ........................ 80,00 денари.
-за патнички возила од 1300 до 1500 кубика ...................... 100,00 денари.
-за патнички возила од 1500 до 1800 кубика ...................... 200,00 денари.
-за патнички возила над 1800 кубика ................................. 300,00 денари.
-за товарни возила по тон носивост ..................................... 100,00 денари.
-за автопбуси и др. Возила што служат за првоз на патници ...500,00 денари.
-за специјални возила .......................................................... 50,00 денари
-за сите видови на мотоцикли ............................................ 50,00 денари.

Член 2

Наплатата на таксата ја врши органот надлежен за регистрација на возила и ја уплатува на сметка на Буџетот на општина Пехчево во рамките на трезорската сметка.

Член 3

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1364/1
23.12.2021 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлука за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност и одредување на минимална површина за фрижидери пред деловните објекти за 2022 год**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност и одредување на минимална површина за фрижидери пред деловните објекти за 2022 год, што советот на општина Пехчево ја донесе на втората седница одржана на ден 23.12.2021 година.

Бр. 09-1386/24
23.12.2021 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 62 став 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02), член 3 став 1 точка 3, член 10 точка 3 и член 11 од законот за комунални такси (Службен весник на РМ бр.61/04, 64/05, 92/07, 123/12, 154/2015, 192/15, 23/16), член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 23.12.2021 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност и одредување на минимална површина за фрижидери пред деловните објекти за 2022 год**

**Член 1**

За користење на просторот пред деловните објекти - јавни површини (угостителски објекти, кафичи ресторани, сендвичари и објекти) за вршење на дејност се одредува тарифа за комунална такса по $м^2$ (метар квадратен) за завземена површина во висина од 5,00 ден дневно.

**Член 2**

За поставување на фрижидери за сладолед, тезги, подвижни објекти (колички) објекти за продажба на разни видови слатки и бели пецива, и друго надвор од деловните објекти, плоштади се наплаќа по $м^2$ (метар квадратен) за завземена површина во висина од 30,00 денари дневно.

**Член 3**

Просторот пред деловната просторија што се користи за вршење на дејноста се определува со сезонско посебно решение.

**Член 4**

Наплатата на данок на наследство и подарок ќе се врши на сметка на Буџет на општина Пехчево во рамките на трезорската сметка.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1365/1
23.12.2021 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлука за плаќање на фирмарина, односно назив на деловна просторија за 2022 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за плаќање на фирмарина, односно назив на деловна просторија за 2022 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на втората седница одржана на ден 23.12.2021 година.

Бр. 09-1386/25<br>23.12.2021 год.<br>Пехчево

Градоначалник на<br>Општина Пехчево<br>Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02) и член 2 став 1 и 2 член 3,5,7 и 10 точка 3 од Законот за комунални такси (Службен весник на РМ бр.61/04, 64/05, 92/07, 123/12, 154/2015, 192/15, 23/16), член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 23.12.2021 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**За плаќање на фирмарина, односно назив на деловна просторија за 2022 година**

**Член 1**

За плаќање на фирма (фирмарина) односно назив на деловна просторија на правните лица кои вршат дејност во истата изнесува 6.000,00 денари.

**Член 2**

За плаќање на фирмарина, односно назив на деловна просторија на физички лица кои вршат дејност, а данокот го плаќаат во паушален износ од 500,00 денари.

**Член 3**

Плаќањето за фирма, односно назив на деловна просторија на трговски друштва, Т.П.(Трговец поединец) и други правни лица од областа на производството, промет и услуги, освен за продавница и киоск, за секоја деловна единица која е посебна од седиштето и сл. за нив таксата изнесува 2.000,00 денари.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1366/1<br>23.12.2021 година<br>Пехчево

Совет на општина Пехчево<br>Претседател<br>Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлука за купување, отуѓување и оптоварување на недвижен имот во сопственост на општина Пехчево за 2022 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за купување, отуѓување и оптоварување на недвижен имот во сопственост на општина Пехчево за 2022 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на втората седница одржана на ден 23.12.2021 година.

Бр. 09-1386/26 — Градоначалник на
23.12.2021 год. — Општина Пехчево
Пехчево — Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 05/2002) и член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 23.12.2021 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За купување, отуѓување и оптоварување на недвижен имот во сопственост на општина Пехчево за 2022 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево донесува Одлука за да може општина Пехчево да купува, отуѓува и оптоварува недвижен имот во сопственост на општина Пехчево.

**Член 2**

Се задолжува Комисијата со донесување на оваа Одлука да веднаш отпочне со работа.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1367/1 — Совет на општина Пехчево
23.12.2021 година — Претседател
Пехчево — Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучок за не утврдување на пазарна вредност на недвижен имот (Земјоделско земјиште) за 2022 година**

СЕ ОБЈАВУВА Заклучок за не утврдување на пазарна вредност на недвижен имот (Земјоделско земјиште) за 2022 година, што советот на општина Пехчево го донесе на втората седница одржана на ден 23.12.2021 година.

Бр. 09-1386/27
23.12.2021 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 62 став 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02), член 5 став 2 од Законот за даноците на имот (Службен весник на РМ бр.61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15, 23/16), член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 23.12.2021 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За не утврдување на пазарната вредност на недвижен имот (Земјоделско земјиште) за 2022 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево не ги усвои критериумите за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот (Земјоделско земјиште) за 2022 година.

**Член 2**

Точката ќе се разгледува на наредна седница на совет.

**Член 3**

Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1368/1
23.12.2021 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлука за утврдување на зони за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот, утврдување на пазарна вредност на градежно земјиште за град Пехчево и населените места во општина Пехчево и утврдување на пазарна вредност на недвижности и права на земјоделско земјиште за 2022 год**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за утврдување на зони за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот, утврдување на пазарна вредност на градежно земјиште за град Пехчево и населените места во општина Пехчево и утврдување на пазарна вредност на недвижности и права на земјоделско земјиште за 2022 год, што советот на општина Пехчево ја донесе на втората седница одржана на ден 23.12.2021 година.

Бр. 09-1386/28
23.12.2021 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 62 став 1, член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02), член 5 од Законот за даноци на имот (Службен весник на РМ бр. 61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15, 23/16) и Методологијата за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот (Сл. весник на РМ бр. 50/05, 40,10, 46/10, 183/11, 54/12, 17/13, 21/13), член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 23.12.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За утврдување на зони за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот, утврдување на пазарна вредност на градежно земјиште за град Пехчево и населените места во општина Пехчево и утврдување на пазарна вредност на недвижности и права на земјоделско земјиште за 2022 год.**

**Член 1**

Со оваа одлука се определуваат зони за утврдување на пазарна вредност недвижен имот, утврдување на пазарна вредност на градежно земјиште за град Пехчево и населените места во општина Пехчево и утврдување на пазарна вредност на недвижности и права на земјоделско земјиште.

**Член 2**

За прва зона се зема четирнаесета зона, за втора зона се зема шеснаесета зона од Методологијата за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот (Сл. весник на РМ бр. 50/05, 40/10, 46/10, 183/11, 54/12, 17/13 и 21/13)

**Член 3**

1. **Прва зона го опфаќа потегот помеѓу:** Започнува од КП.БР: 2310 на Веселински Д. Јован ги опфаќа северните граници на парцелите по регионалниот пат Берово - Делчево се до Бензинската пумпа на АД „ Макпетрол„ Скопје од северната страна на оградата,оди по патот на север Пехчево Делчево се до спојот на ул. „Јулија Веселинска„ од таму тргнува на север по стариот пат на Симин рид до спојот на ул. „ Македонија„ од таму оди на исток по истата до раскрсницата на ул. „Илинденска„ и ул. „Мирче Ацев„ тргнува на исток по истата се до раскрсницата на ул. „ Гоце Делчев„ и ул. „Ванчо Китанов„ од таму тргнува на југ по улица „ Ванчо Китанов„ ја сече ул. „18 Август„ и оди на југ сече „АРМ„ спрема ДУП на Пехчево, од таму тргнува на југ се до спојот на „Ванчо Китанов„ и „8 Март„на запад оди по јужната страна на оградата на турските гробишта до спојот на источната страна на дворната ограда (граница на АД „Бомекс рефрактори„ Пехчево) и старата фабрика за подни плочки скршнува на запад по дворната ограда ги заобиколува двете фабрики и се спојува на патот со „Равна Река„ од таму на север по границата на опфатот на ГУП на Пехчево ја заобиколува западната страна односно дворната ограда на фабриката „Напредок Пехчево, западната страна на старата фабрика „Стаклара„ западната дворна ограда на сопственикот Кратевски Димитар и продолжува на север до спојот на пехчевска река, од таму тргнува на север се спојува со регионалниот пат на Пехчево Делчево и се спојува со почетната точка бензинска пумпа од каде почна зоната.

**2. Втора зона го опфаќа потегот помеѓу:**

Површината од градежниот реон што се наоѓа надвор од зоната на централното подрачје претставува втора зона.

**3. Трета зона**

Површината определена со границите на градежниот реон во малото стопанство и откупен пунк ЛУПД е како трета зона.

Површината надвор од градежниот реон на ДУП и ГУП се смета како зона населено место.

**Напомена: Проширувањето на ГУП во текот на 2022 година ќе влезе во зоната како Вонцентрално градско подрачје**

**Член 4**

За пазарна вредност на градежното земјиште во прва зона се зема 550,00ден./м2, за втора зона се зема 400,00 ден/м2 и за трета зона (мало стопанство, откупен пункт и спортски центар) се зема 150,00ден за м2. Цените се дадени во денари.

**Член 5**

Доколку градежното земјиште се наоѓа во населени места каде има План за село или општ акт, се зема: с.Чифлик 200 денари за м$^2$; с.Умлена, с.Робово и с.Црник по 150 денари за м$^2$; а с.Негрево, с.Панчарево и с.Спиково по 100 денари за м$^2$.

**Член 6**

За пазарна вредност на земјоделско земјиште по м$^2$ се зема:

| ВИД НА ЗЕМЈИШТЕ | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. НИВА И ЛИВАДА | 40 | 35 | 33 | 28 | 25 | 20 | 15 | 10 |
| 2. ОВОШНА ГРАДИНА | 45 | 40 | 35 | 30 | 25 | 20 | 18 | 15 |
| 3. ПАСИШТА | 15 | 13 | 11 | 9 | 8 | 7 | 6 | 5 |
| 4. ШУМА | 35 | 30 | 25 | 20 | 18 | 15 | 12 | 9 |

Отстапување од определените цени на земјоделското земјиште може да се врши од страна на Проценителите на недвижен имот во следните случаеви:

А) Зголемување но не повеќе од 50% во зависност од
- Близината на населеното место
- Поврзаност со инфраструктура

Б) Намалување но не повеќе од 50% во зависност од
- Одалеченост од населено место
- Непристапност до пат
- Големина на површина
- За шумите и овошните насади од состојбата на истите

**Член 7**

Составен дел на оваа Одлука е мапата на град Пехчево со определени зони.

**Член 8**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1369/1
23.12.2021 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучок за отпис на комунална такса за истакната фирма и данок на имот за 2022 година**

СЕ ОБЈАВУВА Заклучок за отпис на комунална такса за истакната фирма и данок на имот за 2022 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на втората седница одржана на ден 23.12.2021 година.

Бр. 09-1386/29
23.12.2021 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 62 став 1 и член 36 став 1 алинеја 6 од Законот за Локална самоуправа (Сл весник на РМ бр. 05/2002) и член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 23.12.2021 година донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за отпис на комунална такса за истакната фирма и данок на имот за 2022 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево не ја усвои предлог одлуката за отпис на комунална такса за истакната фирма и данок на имот за 2022 година.

**Член 2**

Точката ќе се разгледува на наредна седница на совет.

**Член 3**

Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1370/1
23.12.2021 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за определување на дефицитарни занимања и занаети во изумирања на територијата на општина Пехчево за 2022 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за определување на дефицитарни занимања и занаети во изумирања на територијата на општина Пехчево за 2022 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на втората седница одржана на ден 23.12.2021 година.

Бр. 09-1386/30 Градоначалник на
23.12.2021 год. Општина Пехчево
Пехчево Александар Китански с.р

Врз основа на член член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), член 6 став 6 од Закон за комуналните такси (Службен весник на РМ бр.61/04, 64/05, 92/07, 123/12, 154/2015, 192/15, 23/16), член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 23.12.2021 година донесе:

**ОДЛУКА**
**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ДЕФИЦИТАРНИ ЗАНИМАЊА И ЗАНАЕТИ ВО ИЗУМИРАЊЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО ЗА 2022 ГОДИНА**

**Член 1**

Општина пехчево како дефицитарни занимања и занаети во изумирања на територијата на општината ги определува следниве занимања:

- Поправка на часовници и накит
- Ковач
- Лимар
- Поправка на обувки и производи од кожа
- Клучар
- Самарџија
- Грнчар

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1371/1 Совет на општина Пехчево
23.12.2021 година Претседател
Пехчево Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за утврдување на висината на стапката на данок на имот за 2022 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за утврдување на висината на стапката на данок на имот за 2022 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на втората седница одржана на ден 23.12.2021 година.

Бр. 09-1386/31
23.12.2021 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 62 став 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02), член 5 став 2 и член 6 став 1 од Законот за даноците на имот (Службен весник на РМ бр.61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15, 23/16), член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 23.12.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на висината на стапката на данок на имот за 2022 година**

**Член 1**

Се утврдува стапката на данок на имот во висина од 0,10% од пазарната вредност на имотот.

**Член 2**

Обврзникот на данок на имот е пртавно и физичко лице сопственик на имот, корисник на имот, плодоуживател на имот.

**Член 3**

Наплатата на данок на имот ќе се врши на сметката на Буџет на општина Пехчево во рамките на трезорската сметка.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1372/1
23.12.2021 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за утврдување на висината на стапката на данок на наследство и подарок за 2022 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за утврдување на висината на стапката на данок на наследство и подарок за 2022 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на втората седница одржана на ден 23.12.2021 година.

Бр. 09-1386/32
23.12.2021 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 62 став 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02), член 16 став 2 од Законот за даноците на имот (Службен весник на РМ бр. 61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15, 23/16), член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 23.12.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на висината на стапката на данок на наследство и подарок за 2022 година**

**Член 1**

Се утврдува стапката на данок на наследство и подарок за обврзник од втор наследен ред во висина од 2% од пазарната вредност, а за обврзник од трет наследен ред или обврзник кој не е во сродство со оставителот, данокот се пресметува по стапка од 4% од пазарната вредност.

**Член 2**

Обврзникот на данок на наследство и подарок е физичко и правно лице кое наследува имот, како и физичко и правно лице кое прима имот на подарок во земјата и странство.

**Член 3**

Наплатата на данок на наследство и подарок ќе се врши на сметка на Буџет на општина Пехчево во рамките на трезорска сметка.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1373/1
23.12.2021 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на одлука за утврдување на височината на стапка на данок на промет на недвижности за 2022 год**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за утврдување на височината на стапка на данок на промет на недвижности за 2022 год, што советот на општина Пехчево ја донесе на втората седница одржана на ден 23.12.2021 година.

Бр. 09-1386/33 Градоначалник на
23.12.2021 год. Општина Пехчево
Пехчево Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 62 став 1, член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02) и член 5 став 2 и член 22 од Законот за даноците на имот (Службен весник на РМ бр.61/04,92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15, 23/16), член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 23.12.2021 година донесе:

# ОДЛУКА

**За утврдување на височината на стапката на данок на промет на недвижности за 2022 година**

**Член 1**

Се утврдува стапката на данок на недвижности во висина од 3% од пазарната вредност на имотот.

**Член 2**

Обврзникот на данок на промет на недвижности е физичко или правно лице - продавач на недвижности, а по исклучок обврзник може да биде и правно и физичко лице - купувач на недвижноста, доколку во договорот за купопродажба на недвижноста е договорено данокот на промет на недвижноста да го плати купувачот.

**Член 3**

Наплатата на данок на промет на недвижности ќе се врши на сметка на Буџет на општина Пехчево во рамките на трезорската сметка.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1374/1 Совет на општина Пехчево
23.12.2021 година Претседател
Пехчево Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за условите што мора да ги исполнуваат објектите за нештетно отстранување на животински мрши за 2022 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за условите што мора да ги исполнуваат објектите за нештетно отстранување на животински мрши за 2022 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на втората седница одржана на ден 23.12.2021 година.

Бр. 09-1386/34 — Градоначалник на
23.12.2021 год. — Општина Пехчево
Пехчево — Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр, 5/2002), член 14 од Законот за нуспроизводи од животинско потекло (Сл. весник на Р.М. бр.113/2007, 144/2014, 149/2015 и 53/2016) и Правилникот за технички услови и начинот на вршење на работите кои треба да ги исполнуваат објектите за собирање и складирање на нуспроизводи од животинско потекло (Сл. Весник на РМ бр 21/2009 год), и член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево, на седницата одржана на ден 23.12.2021 година донесе

**ОДЛУКА**
**за условите што мора да ги исполнуваат објектите за нештетно отстранување на животински мрши за 2022 година**

**Член 1**

За потребите на општина Пехчево потребно е донесување на Одлука за изградба на објект за нештетно отстранување на животински мрши (септичка јама) и определување на локација за изградба на истата.

**Член 2**

За изградба на септичката јама се определува локација на влезот од јужната страна на градската депонија која ќе биде надвор од мрежата на истата, објектот за нештетното отстранување на животинските мрши ќе биде изградена спрема членот 14 од Законот за нуспроизводи од животинско потекло и член 2 од Правилникот донесен за условите и начинот за изградба на такви објекти.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со нејзиното донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1375/1 — Совет на општина Пехчево
23.12.2021 година — Претседател
Пехчево — Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за посебни сообраќајно технички мерки за забавување на сообраќајот за 2022 год**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за посебни сообраќајно технички мерки за забавување на сообраќајот за 2022 год, што советот на општина Пехчево ја донесе на втората седница одржана на ден 23.12.2021 година.

Бр. 09-1386/35
23.12.2021 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр, 5/2002), член 397, 187 и 192 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата (Сл.Весник на Р.М. бр. 54/07, 86/08, 64/09, 161/10, 169/2015, 226/2015 и 55/2016) и Правилникот за сообраќајните знаци, опрема и сигнализација на патот член 78 став 4 (Сл. весник на РМ. 47/10) и член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево, на седницата одржана на ден 23.12.2021 година донесе

**ОДЛУКА**
**за посебни сообраќајно технички мерки за забавување на сообраќајот за 2022 год.**

**Член 1**

Со оваа Одлука се определува сообраќајно технички параметри кои треба да ги исполнуваат посебните технички и други мерки за забавување на сообраќајот, нивните технички карактеристики, местата и начинот на нивното поставување и начинот на обележување со соодветна сообраќајна сигнализација во Пехчево.

**Член 2**

Посебните сообраќајни технички средства за забавување на сообраќајот и безбедноста на пешаците ќе се постават на регионалните улици и тоа ул. ,,Равен,, и ул. ,,Јулија Веселинска,,

**Член 3**

Посебните технички средства ќе се постават на ул. ,,Равен,, на местото спроти ДТВ ,,Партизан,, и спроти старата Месна канцеларија во Пехчево, на ул. ,,Јулија Веселинска,, спроти куќата на Маноил Сасански. Истите технички сретства ќе бидат обележени на лице место со сите обележија и сигнализации што ги налага Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила од денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1376/1
23.12.2021 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на заклучок за формирање на Комисија за објекти кога постои опасност од уривање за 2022 год**

СЕ ОБЈАВУВА Заклучок за формирање на Комисија за објекти кога постои опасност од уривање за 2022 год, што советот на општина Пехчево го донесе на втората седница одржана на ден 23.12.2021 година.

Бр. 09-1386/36
23.12.2021 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 05/2002), член 85 точка 1, 3 и 5 од Законот за градење (Сл. весник на РМ бр.70/2013, 79/13, 137/13...) и член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево, на седницата одржана на ден 23.12.2021 година донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за формирање на Комисија за објекти кога постои опасност од уривање за 2022 година**

**Член 1**

Точката ќе се разгледува на наредна седница на совет.

**Член 2**

Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1377/1
23.12.2021 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за определување на име на улици во место викано Брегалница - Равна река, општина Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за определување на име на улици во место викано Брегалница - Равна река, општина Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на втората седница одржана на ден 23.12.2021 година.

Бр. 09-1386/37
23.12.2021 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 4, став 1 од Законот за определување имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти („Службен весник на РМ" бр.66/04, 55/07, 145/10, 136/11, 163/13 и 147/2015),член 36 став 1 точка 15, а во врска со член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002) и член 30 став 1 точка 23 од Статутот на општина Пехчево („Службен гласник на општина Пехчево" бр.03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 23.12.2021 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за определување на име на улици во место викано Брегалница - Равна река општина Пехчево**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши именување на улици и куќни броеви во место викано Брегалница – Равна река општина Пехчево, согласно Урбанистички план вон населено место (УПВНМ) за Туристички локалитет Равна река донесен со Одлука на совет на општина Пехчево бр. 07-1426/1 од 06.09.2013 година.

**Член 2**

Именувањето на улиците и куќните броеви во место викано Брегалница – Равна река од член 1 на оваа Одлука ќе биде вградена во електронската евиденција која што ја водат стручните служби при општина Пехчево.

**Член 3**

По донесувањето на Одлуката од страна на Советот на општина Пехчево, истата ќе биде доставена до Централниот регистар на Република Северна Македонија за да се изврши упис на податоците во електронскиот регистар.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1378/1
23.12.2021 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за усвојување на годишен извештај за финансирање на проекти од областа на културата на општина Пехчево за 2021 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на годишен извештај за финансирање на проекти од областа на културата на општина Пехчево за 2021 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на втората седница одржана на ден 23.12.2021 година.

Бр. 09-1386/38
23.12.2021 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/2002) и член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 23.12.2021 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишен извештај за финансирање на проекти од областа на културата на општина Пехчево за 2021 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука советот на општина Пехчево го усвојува Годишниот извештај за финансирање на проекти од областа на културата на општина Пехчево за 2021 година.

**Член 2**

Годишниот извештај за финансирање на проекти од областа на културата на општина Пехчево за 2021 година, е составен дел од оваа Одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1379/1
23.12.2021 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

# ВОВЕД

Во овој извештај се вклучени реализираните активности од облста на културата во Општина Пехчево и реализираните финансиски средства за одржување на предвидените културни активности.

Активностите од Програмата за финансирање на проекти од областа на културата на Општина Пехчево за 2021 година се предвидени се со цел, да се зголеми развојот на културата во општина Пехчево и да се поттикне културната дејност на културните институции.

| **Финансиски извештај за реализираните проекти од областа на културата на Општина Пехчево за 2021 година** | | |
|---|---|---|
| *Реден број* | *Активности* | *Реализиран буџет* |
| 1. | Етно саем „Пехчевски Павловден“ и „Фестивал на дувачки оркестри“ - Пехчево | / |
| 2. | Одбележување на денот на пролетта и организирање на еко - ден | / |
| 3. | Одбележување на денот на лагата и шегата 1- април – „Априлијада“ | / |
| 5. | Одбележување на големиот христијански празник - Велигден | / |
| 6. | Одбележување на денот на ослободувањето на Пехчево „7 Септември“ - Пехчево | 10.940,00 денари |
| 7. | Одбележување на „Светски ден на сеќавање на жртвите од сообраќајни несреќи“ | / |
| 8. | Дочек на Нова година и Одбележување на христијанскиот празник Водици | 50.758,00 денари |
| 10. | Баскерфест 2020 година | / |
| 11. | Топол културен бран | / |
| 12. | Бела ноќ | / |
| 13. | Пехчево на точак – 2020 година | / |
| 14. | Off road – 2020 година | / |
| 15. | Проектирање на цртани филмови на платно | / |
| **Вкупно:** | | **61.698,00 денари** |

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Имајќи ги во предвид сите превземени активности во областа на културата во 2021 година, Програмата за финансирање на проекти од областа на кутлрата на Општина Пехчево за 2021 година не е реализирана во голем обем поради ситуацијата со пандемијата и ширењето на вирусот COVID – 19.

Потрошени се само 10.940,00 денари за скромното одбележување на празникот на градот „7 Септември", при што беше положено свежо цвеќе пред споменикот на Ванчо Китанов на Плоштадот во Пехчево, потоа беше одржана кратка Свечена седница на Советот на Општина Пехчево, каде што беа доделени Благодарници на сите фирми, невладини и други организации што помогнаа во гаснењето на пожарите кои го зафатија овој регион, а беа доделени и Плакети на пожарникарите кои од странство пристигнаа како помош и поддршка во гаснењето на пожарите.

За прославување на Нова Година и сите спроведени и реализирани активности во врска со Нова Година потрошение се вкупно 50.758,00 денари за играчки со кои беа збогатени новогодишните пакетчиња на децата кои ја посетуваат и се згрижени во Детската Градинка „7 Септември" – Пехчево, новогодишни пакетчиња и подароци за децата од групниот дом и домот за деца со посебни потреби, како и скромни подароци за дежурните екипи на Нова Година во Здравен дом, Полициска канцеларија, Гранична полиција.

Вкупно од предвидени 1.848.000,00 денари, потрошени се вкупно 61.698,00 денари.

**ПРИЛОГ 1**

**„7 СЕПТЕМВРИ – ПЕХЧЕВО"**

**Фактури:** _1) Феникс 70 ДООЕЛ Делчево ( Цвеќара Лале )_ – набавка на два букети свежо цвеќе за одбележување на „7 Септември" – Пехчево = **1.500 денари**

_2) Дијалог ДОО Скопје_ – набавка на четири плакети за странските организации кои пружаа помош и поддршка за време на пожарите = **9.440 денари**

**Вкупно:** 10.940 денари

**„НОВА ГОДИНА"**

**Фактури:** _1) Конто Белисима ДООЕЛ – Берово_ – играчки со кои беа збогатени пакетчињата на децата од детската градинка „7 Септември" – Пехчево, елка со украси и светилки како Новогодишен подарок за децата во „Групникот дом за деца без родители" = **19.408 денари**

_2) ИВЕЛ ДООЕЛ – Берово -_ новогодишни пакетчиња за децата на вработените во општината, децата во „Групниот дом за деца без родитли" и „Домот за деца со посебни потреби" = **7.250 денари**

_3) М – Младост ДООЕЛ Берово –_ телевизор FUEGO „32" кој е даден како Новогодишен подарок за децата во „Дневниот центар за лица со посебни потреби" во Берово, исто така телевизор FUEGO „43" за децата во детската градинка „7 Септември" – Пехчево, три ѓезвиња за кафе FUEGO кои како скромен подарок беа подарени на вработените во Здравен дом – Пехчево, во Полициската канцеларија – Пехчево и во Граничната полиција – Пехчево, за нивната посветеност и работа на Новогодишната ноќ = **24.100 денари**

**Вкупно:** 50.758 денари

Бр.08-1379/2<br>23.12.2021 година<br>Пехчево

Совет на општина Пехчево<br>Претседател<br>Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлука за усвојување на правилник за попис на основни средства, инвентар и подвижен имот и побарувања и обврски на општина Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на правилник за попис на основни средства, инвентар и подвижен имот и побарувања и обврски на општина Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на втората седница одржана на ден 23.12.2021 година.

Бр. 09-1386/39
23.12.2021 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/2002) и член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 23.12.2021 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за усвојување на правилник за попис на основни средства, инвентар и подвижен имот и побарувања и обврски на општина Пехчево**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го усвојува правилникот за попис на основни средства, инвентар и подвижен имот и побарувања и обврски на општина Пехчево.

**Член 2**

Правилникот за попис на основни средства, инвентар и подвижен имот и побарувања и обврски на општина Пехчево, е составен дел од оваа Одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1380/1
23.12.2021 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа ( „Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), член 21 од Законот за сметководство на буџетите и беџетските корисници ( „Службен весник на Република Македонија“ бр.61/02, 98/02, 81/05, 24/11, 145/15 и 170/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.122/21), и член 30 од Статутот на Општина Пехчево ( „Службен гласник на општина Пехчево“ бр.06/2016, 05/2019 и 02/2021), Советот на Општина Пехчево на седницата одржана на ден 23.12.2021 година донесе:

# ПРАВИЛНИК
## за попис на основни средства, инвентар, недвижен и подвижен имот и побарувања и обврски на Општина Пехчево

### Основни одредби
### Член 1

Со овој Правилник се уредува начинот на извршување на пописот на основните средства, инвентар, недвижен и подвижен имот, побарувања и обврски на Општина Пехчево и тоа:

- Вид на попис;
- Предмет на пописот;
- Вид на средствата за попис;
- Време на вршење на пописот;
- Формирање на комисија за попис;
- Изготвување на конечен извештај од пописната комисија;
- Донесување на одлуки во врска со пописот;

### Член 2

За да годишниот,односно периодичниот биланс на состојба на буџетскиот корисник дадат реална слика за состојбата на средствата и обврските спрема изворите на средства, неопходно е буџетскиот корисник да ја усогласи состојбата на своите средства и нивните извори во деловните книги со вистинската, фактичка состојба. Фактичката состојба на средствата и нивните извори се утврдува со пописот на средствата и нивните извори.

### Член 3

Со пописот се утврдува состојбата на паричните средства, материјалните и нематеријалните средства кои се во употреба, вон употреба и во подготовка на материјалите, резервните делови, ситниот инвентар, побарувањата, обврските, средствата на други субјекти кои се наоѓаат во Општина Пехчево и сопствените средства на Општина Пехчево кои се наоѓаат кај други субјекти на ден 31 декември.

### Член 4

Предмет на пописот во Општина Пехчево се:

- Основни средства;
- Ситен инвентар;
- Недвижен имот;
- Побарувања и обврски;
- Парични средства на благајната.

**Вид на пописот**

**Член 5**

Одлука за вршење на попис донесува Градоначалникот на општината.
Во зависност од времето на вршење, пописот може да биде редовен и вонреден.

Редовен попис се врши на крајот на секоја буџетска година, со утврдување на вистинската состојба на средствата и нивните извори, заклучно со 31 декември на буџетската година.

Редовниот попис може да почне и пред истек на буџетската година, но состојбата се утврдува со 31 декември за буџетската година.

Вонредниот попис може да се изврши за време на предавање на должност, статусни промени, по потреба на буџетскиот корисник и во други случаи утврдени со закон.

Вонредниот попис, во зависност од обемот може да биде целосен и делумен.

**Предмет на пописот**

**Член 6**

Со редовниот попис се утврдува состојбата на сите средства и обврски спрема изворите на средства затечени кај буџетскиот корисник на денот на пописот, без оглед на тоа дали тие средства припаѓаат на буџетскиот корисник или се наоѓаат кај него по некој правен основ.

Средствата кои не му припаѓаат на буџетскиот корисник се попишуваат на посебни листи, со назнака каде се наоѓа конкретното средство и потребно објаснување.Еден примерок од овие пописни листи се доставуваат на другиот буџетски корисник или правно лице кое е сопственик на тие средства.

Состојбата на средствата на буџетскиот корисник кои се наоѓаат кај друг буџетски корисник или се дадени на користење на друг, на послуга, средства на поправка, буџетскиот корисник е должен да ги попише. Тие средства се попишуваат на посебни листи, со назнака каде се наоѓа конкретното средство и потребно објаснување.

Буџетскиот корисник е должен од другиот буџетски корисник или правното лице кај кое се наоѓаат овие средства да бара да му се достави пописна листа на овие средства, доколку истата не му се достави на време.

За средствата кои му припаѓаат, а кои не се затечени кај него на денот на пописот, буџетскиот корисник е обврзан на комисијата за попис да и ги презентира оригиналните реверси потпишани од негова страна и од страна на другиот буџетски корисник или правно лице на кое тие средства му се дадени на користење, послуга, поправка и сл.

**Рок за извршување на пописот**

**Член 7**

Роковите во кои Комисијата за попис физички го извршува пописот, се определуваат со Одлука за попис која ја донесува Градоначалникот на општината.

Доколку во Одлуката не е определен точниот датум за започнување и завршување на пописот, Комисијата за попис го врши пописот заклучно со 31 декември.

Промените настанати од денот на пописот до 31 декември во буџетската година се внесуваат во пописните листи додатно, врз основа на веродостојни докумени ( испратници, фактури и сл.).

**Припреми за попис**

**Член 8**

За да пописот се изврши квалитетно и благовремено, неопходно е буџетскиот корисник да изврши потребни припреми.

Под припреми за попис се подразбираат припреми кои се спроведуваат во книговодството на буџетскиот корисник и припреми кои се вршат во службени простории на буџетскиот корисник.

Припремите во буџетското книговодство опфаќаат ажурирање на евиденцијата во материјалното и финансиското книговодство.

Припремата кај пописните комисии подразбира изработка на план за работа на комисиите, по кој ќе се извршува пописот, а во кој треба да се опфатат сите претходни дејствија, дејствијата за време и по извршениот попис.

Во припремните работи се опфатени и обезбедување на материјали за спроведување на пописот, кои подразбираат соодветни обрасци на пописни листи, пописни блокови и канцелариски материјал.

**Одредување на комисија за попис**

**Член 9**

Пописот на средствата и обврските го врши комисија формирана од Градоначалникот на општината.

Комисијата ќе биде составена од Претседател и двајца членови и нивни заменици, од редот на вработените во општинската администрација.

**Спроведување на пописот**

**Член 10**

По извршените припремни работи, пописната комисија пристапува кон вршење на попис по утврдениот план, организирајќи ја својата работа како би се пописот извршил квалитетно и во што пократок период. Комисијата работи во полн состав и во присуство на лицата задолжени со средствата.

Членовите на комисијата за попис имаат полна одговорност за точноста на состојбата утврдена во пописот, за правилно составување на пописните листи, благовремено извршување на пописот и точноста на извршениот попис.

**Член 11**

Пописот се врши со броење и слично во зависност од предметот на пописот и податоците се внесуваат во пописните листи, а потоа членовите на пописната комисија ги потпишуваат пописните листи. Една копија се дава на лицето задолжено со тие средства.

Пописот на готови пари, состојба на жиро сметката и слично, се врши последниот работен ден од годината, по завршување на работата.

Пописот на побарувања и обврски се врши спрема состојбата во книговодство,а комисијата ги проверува и утврдува реалноста и искажаните износи.

**Усогласување на состојбата со пописот со книговодствена состојба**

**Член 12**

По извршениот попис комисијата во пописните листи ја внесува состојбата на средствата, а потоа се врши вредносно усогласување. Усогласувањето се врши по цените, по кои тие средства и материјали се водат во книговодтсво.

Комисијата потоа ја спроведува добиената состојба од пописот со книговодствената состојба ги утврдува разликите ( евентуални вишоци или кусоци ) и причини за несогласување.

**Извештај за извршениот попис**

**Член 13**

Пописната комисија, по извршениот попис, составува и доставува извештај за извршениот попис до буџетскиот корисник.

Извештајот за попис содржи број на одлуката со која е формирана, состав на комисијата која го врши пописот, време во кое е извршен пописот, кои средства се опфатени со пописот, евентуално утврдени кусоци и вишоци. Сите предлози, пописната комисија го доставува до Советот на општината.

**Член 14**

Советот на општината, по разгледување на конечниот извештај ги донесува следните одлуки:

- За начинот и утврдување на вишоците и кусоците;
- За директен отипс и отпис со исправка на вредностите на поединечни средства, побарувања и обврски;
- За расходување на дотраени и неупотребливи средства;
- За други прашања во врска со извршениот попис.

**Член 15**

По разгледување, Советот донесува Одлука за усвојување на конечниот извештај од спроведениот попис, во која се содржани и сите предлози во врска со член 14 од овој Правилник.

**Член 16**

Конечниот извештај од спроведениот попис, заедно со Одлуките и заклучоците од Советот се доставуват до Одделение за финансиски прашања, даноци, такси и други надоместоци за понатамошно книжење на утврдените разлики и усогласување на книговодствената со фактичката состојба утврдена со пописот.

**Член 17**

Измени и дополнувања на овој Правилник се вршат во постапка како неговото донесување.

**Член 18**

Овој Правилник влегува во сила со неговото донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1380/2
23.12.2021 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлука за разрешување и именување на член на Управен одбор во ЈЗУ Здравствен Дом Д-р „Иван Георгиев„ - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за разрешување и именување на член на Управен одбор во ЈЗУ Здравствен Дом Д-р „Иван Георгиев„ - Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на втората седница одржана на ден 23.12.2021 година.

Бр. 09-1386/40 Градоначалник на
23.12.2021 год. Општина Пехчево
Пехчево Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 100 став 3 од Законот за здравствена заштита (Сл. весник на РМ бр.43/12), член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.05/02) и член 30 став 1 точка 26 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 23.12.2021 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за разрешување и именување на член на Управен одбор во ЈЗУ Здравствен Дом Д-р „Иван Георгиев„ - Пехчево**

**Член 1**

- Димитар Шумански се разрешува од должноста член на Управен одбор во ЈЗУ Здравствен Дом Д-р „Иван Георгиев„ - Пехчево, поради поднесена оставка.

За нов член на Управен одбор во ЈЗУ Здравствен Дом Д-р „Иван Георгиев„ - Пехчево се именува:

- Татјана Стефановска - Пехчево

**Член 2**

Членот на Управен одбор во ЈЗУ Здравствен Дом - Пехчево се именува за период од 4 (четири) години со право на повторно именување.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1381/1 Совет на општина Пехчево
23.12.2021 година Претседател
Пехчево Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за усвојување на Програма за проекти од областа на културата на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2022 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на Програма за проекти од областа на културата на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2022 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на втората седница одржана на ден 23.12.2021 година.

Бр. 09-1386/41 Градоначалник на
23.12.2021 год. Општина Пехчево
Пехчево Александар Китански с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002) и член 30 точка 29 од Статутот на општина Пехчево(Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 23.12.2021 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Програма за проекти од областа на културата на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2022 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево ја усвојува Програмата за проекти од областа на културата на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2022 година.

**Член 2**

Програмата за проекти од областа на културата на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2022 година бр. 01-64/1 од 03.12.2021, е составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1382/1 Совет на општина Пехчево
23.12.2021 година Претседател
Пехчево Виолета Ѓорѓиевска с.р

01-641/1
3.12 21


**ОПШТИНСКА УСТАНОВА ДОМ НА КУЛТУРА „ЈАНЕ САНДАНСКИ“**
**ПЕХЧЕВО**

ул. Маршал Тито 66 2326 Пехчево Република Северна Македонија
Tel/fex ++ 389 033 441 128 e-mail: dksandanski@yahoo.com


ДК Јане Сандански

Пехчево

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

| Примено: | 06.12.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един: | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 1282/1 | | |

До
Министерство за култура на Република Северна Македонија
До
Совет на Локална Самоуправа Општина Пехчево
Предмет: Програма за проекти од областа на културата за 2022 год. од областа на културата

Домот на културата Јане сандански Пехчево Ве известува дека со средствата од блок дотациите за 2022 год е планирано да се реализира следниот проект:

Проект бр 1
Работа со играорна група Куд „Јане Санданси``Пехчево
Планирани средства 100.000 ден
-Побарано од министерство за култура 70.000 ден
-45.000 ден хонорар за кореограф
-5.000 ден хонорар за музички соработник
-35.000 ден патни трошкови
-15.000ден озвучување ,трошоци за сценографија

Пехчево
1.12 .2021 год

ОУДК„Јане Сандански``Пехчево
Директор
Валентина Веселинска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за усвојување на**
**годишен извештај за работа на ОУ МБ „Кочо Рацин„ - Пехчево за 2021 година и**
**Програма за работа на ОУ МБ „Кочо Рацин„ - Пехчево за 2022 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на годишен извештај за работа на ОУ МБ ,,Кочо Рацин„ - Пехчево за 2021 година и Програма за работа на ОУ МБ ,,Кочо Рацин„ - Пехчево за 2022 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на втората седница одржана на ден 23.12.2021 година.

Бр. 09-1386/42
23.12.2021 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002) и член 30 точка 29 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 23.12.2021 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на годишен извештај за работа на ОУ МБ „Кочо Рацин„ - Пехчево за 2021 година и Програма за работа на ОУ МБ ,,Кочо Рацин„ - Пехчево за 2022 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го усвојува годишниот извештај за работа на ОУ МБ „Кочо Рацин„ - Пехчево за 2021 година и Програмата за работа на ОУ МБ ,,Кочо Рацин„ - Пехчево за 2022 година.

**Член 2**

Годишниот извештај за работа на ОУ МБ „Кочо Рацин„ - Пехчево за 2021 година и Програмата за работа на ОУ МБ ,,Кочо Рацин„ - Пехчево за 2022 година бр.0302-49/1 од 16.12.2020 година, е составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1383/1
23.12.2021 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

**Извештај за работа на Општинска установа - Матична библиотека „Кочо Рацин“ - Пехчево 2021**

**ВОВЕД**

Градската библиотека во Пехчево го носи името според познатиот македонски поет и револуционер Кочо Рацин. Се наоѓа во центарот на градот и опфаќа површина од 100м2. Во 1966 година во регистерот на тогашниот окружен стопански суд во Штип е заведено решението за регистрирање на матична библиотека „Кочо Рацин“ - Пехчево. Оваа година се навршуваат 55 години од овој значаен настан, во кој што библиотеката како институција од обласа на културата успешно делуваше на полето на популаризацијата на книгата и на нејзините литературни и општо образовни цели. Во овој изминат период оваа институција претставуваше респектабилно културно седиште, низ кое што многу генерации од различни возрасти се воодушевувале од магичноста на пишуваниот збор и ги правеле првите чекори во своето општо образовно надградување и едукација.

Важно е да се спомене дека библиотеката поседува примероци од книги уште од 1924 година, на кои што постои штембил:

„**Читаоница – матица пехчевска“,** што значи дека уште пред 97 години во Пехчево постоела читална во која што зрачела искрата на образованието и културата. Во библиотеката годишно се зачленуваат од 150 до 200 членови, а структурата на членовите е различна. Имено најголемиот дел од читателите се ученици од основното и средното образование како и студенти и тоа околу 80%. Остатокот од 20% се повозрасни читатели кои земаат слободна литература најчесто белетристика, но и земаат литература која е наменета за најмладата популација, за дечињата од предшколска возраст. Има читатели кои не се зачленети, но постојано ја посетуваат библиотеката и го читаат дневниот печат кој редовно се набавува како што е „Вечер“, а „Нова Македонија“и „Слободен печат“во моментот не се набавуваат, но тоа не значи дека во иднина ќе ги нема.

Библиотеката иако е мала по површина располага со богат книжен фонд. Поседува литература од најразлични жанрови и тоа задолжителни лектирни изданија и тоа од прво одделение, па се до четврта година средно образование, како и голем број на белетристика. Со оглед на тоа дека е културна установа по разни поводи организира литературни читања, распишува конкурси од обласа на поезијата и прозата. Прави промоции на книги и други културни збиднувања. Библиотеката е културна институција која била, која е и ќе биде една од светлите точки во Пехчево.

Слободно може да се каже дека во нашето мало место каде што изборот за забава, или користењето на слободно време е многу ограничен,библиотеката е една од малобројните места каде што може корисно да се помине дел од слободното време на граѓаните, а посебно на младата генерација кои наоѓаат катче за контакт со книгата, или други содржини. Библиотеката како културно средиште допринесува низ контактот со книгите и останатите содржини да се подигне општообразовното, културното и стручното ниво во нашиот град и околината.

Општинската установа – Матична библиотека „Кочо Рацин“ - Пехчево како општинска институција од обласа на културата во Општина Пехчево, чија основна дејност е развој на библиотекарството и презентација и овозможување за користење на расположивиот книжен фонд,во својата работа ги вклучува книжевните творци кои ќе бидат интегрирани како креативна сила во промоција на литературата. Една од најважните функции на библиотеката е популаризација на книгата и читањето, развивање на свеста и навиките за читање. Од друга страна важно и потребно е родителите да им читаат на децата уште од најрана возраст, при што покрај поминувањето на пријатни моменти во друштво со книгата, се стекнува и навика за читање и љубов кон книгата. Изминатава 2021 година требаше да биде доста плодна и полна со активности за библиотеката „Кочо Рацин“, но поради пандемијата Ковид 19 активностите се намалија. Континуитетот се задржа со секој изминат месец.

– **Јануари** Во месец Јануари се започнува со ново членство.
Членарината на годишно ниво изнесува 200,00 денари и 100,00д за
3(три) месеци. Пред 3 години воведовме и семејна членарина која изнесува 300,00 денари. Во Јануари се одржа манифестацијата „**Најчитатели и читатели рекордери“** за годината што поминала. Најчитатели рекордери се: Јасмина Цековска, Бојана Најдовска, Викторија Јангелова, Наташа Лазаровска, Елена Михаилова и Олеандра Китански.

– Читатели рекордери за 2020 година се: Јулија Велковска, Севим Џитанова, Јованка Пешначка, Александра Величкова, Ивана Крчева, Виолета Ѓоргиева, Весела Аспровска, Симона Јовановска, Славица Поп-Анастасова, Марија Костовска, Калинка Секуловска, Ана-Марија Теохарова, Љубица Костовска, Јорданка Јангелова и Светлана Китанска.
– Ученици „**Читатели рекордери“** се: Ивана Јангелова, Иван Јангелов, Клара Бојчовска, Љубица Тасевска и Николија Ставрова.

– **Февруари** Во месец Февруари се одржа настан „Јас имам талент“ со учениците од III одделение под менторство на наставничката Оливера Кратевска. Децата ги покажаа своите вештини онака како што умеат и знаат. Пееја, играа,свиреа,цртаа,читаа,глумеа. Учествуваа Филип Чурчиски, Филип Митровски, Михаил Цековски, Димитар Парасков, Лео Лазаров, Христијан Пулковски, Анџелин Крамарска, Теона Ставров, Теона Бојчовска, Тамара Станковска. Манифестацијата „Јас имам талент“ се одржуваше 2(два) дена.

– На 14 Февруари во просториите на библиотеката се одржа музичко- забавен перформанс во чест на Св. Трифун и Св. Валентин празникот на виното и љубовта. Сценарист и водител на настанот беше Габриела Костадинова која приреди многу изненадувања за публиката. За музичкиот дел беше задолжен професорот по музичко м-р Драган Колевски. Низ смеа, игра и разни подароци се одбележаа двата празника.
– Во Февруари библиотеката се вклучи во одбележување на 21 Февруари- Меѓународниот ден на мајчиниот јазик. По тој повод се одржа перформанс на македонски, турски и ромски јазик на ученици од VII одделение при ООУ„Ванчо Китанов“ од с. Црник и менторот Магдалена Симовска- професор по француски јазик. На одбележувањето на настанот прекрасна изведба имаа и средношколците Елена Тодоровска и Иван Јангелов со извадоци и мисли од делата на Мисирков, Конески, Андреевски- македонски преродбеници и основоположници на македонскиот јазик. На помладите им се приклучија и повозрасните соработници на библиотеката Елица Јовевска и Оливера Кратевска со нивни творби(поезија и проза)

– **Март** Во Март по повод Светскиот ден на поезијата -21 Март во кафе бар Ким се одржа поетско читање со учениците средношколци. Настанот го организираше библиотеката „Кочо Рацин“. Со години наназад библиотеката ја подржува кампањата „Плати кафе со поезија“. Настанот беше наречен „Поезијо те сакаме“, каде што учениците и возрасните пишуваа свои стихови во чест на стиховното творештво.

– **Април** Во месец Април библиотеката имаше повеќе активности и тоа:
На 21 Април учениците средношколци заедно со директорката на библиотеката беа во посета на ЈЛБ„Илинден“- Делчево. Поводот беше посета на Саем на книгата и одбележување на 23 Април- Светски ден на книгата и авторското право. Учениците се преставија со свои лични творби и како награда за нивниот труд добија подарок книги од страна на директорката на библиотеката „Илинден“ Биљана Петровска.

На 23 Април по повод Светскиот ден на книгата и авторското право со креативна изработка на книга, цвет и велигденски подарок во библиотеката се одбележа овој празник. Во изминативе 2(два) дена директорката им доделуваше подароци на членовите и соработниците на библиотеката, како и на градоначалникот.

На 28 Април библиотеката „Кочо Рацин“ учествуваше на поетската манифестација „Пролет,љубов, смеа“ во Свети Николе и тоа во две категории. Во категоријата Млади поети од од VI до IX одделение учествуваше со Катина Кратевска и во категоријата Младинци до 18години со Иван Јангелов под менторство на Габриела Костадинова. Катина Кратевска го освои првото место.

– **Мај** Во Мај библиотеката учествуваше на 2(два) конкурса распишани од страна на здружението „Виарт“ од Скопје ликовен и литературен. На ликовниот конкурс на тема„Книга“ учествуваше со Јасмина Цековска во категоријата возрасни и цртежот беше објавен на страната на Виарт. На литературниот конкурс на тема „Книга“ библиотеката учествуваше со ученикот Иван Јангелов и неговата песна беше објавена на страната на „Виар“. А на литературниот конкурс на тема „Детство“ библиотеката учествуваше со ученичката Лина Велковска, чија песна беше објавена исто така на страната на здружението „Виарт“.

– **Јуни** Во месец Јуни библиотеката „Кочо Рацин“ во соработка со Дом на култура „Никола Јонков Вапцаров“ од Делчево одржа промоција на книгата „Безобразно голем“ од Ленче Стоименова од Кочани. На промоцијата се преставија  со свои лични творби роднокрајни автори од Делчево и Пехчево.

– **Јули** Поради период на годишни одмори во месец Јули библиотеката не одржа активности. Акцентот беше ставен на набавка на нови наслови за читателите кои придонесуваа за збогатување на книжниот фонд на библиотеката.

– **Август**  Во месец Август библиотеката учествуваше на Детски поетски фестивал „Детски гласови 2021“распишан од страна на Здружението на граѓанска иницијатива Жар Преспа од Ресен со ученичките Михаела Костовска и Катина Кратевска.







- **Септември** По повод 7 Септември библиотеката во соработка со Општина Пехчево организираше

културна ,манифестација. Наградените ученици Елена Тодоровска и Иван Јангелов се преставија со лични творби, а во нивна интерпретација беше изведен и рецитал „Песна за Пехчево“ подготвен од страна на директорката Костадинова.
На 14 Септември во рамките на своите активности библиотеката со учениците средношколци беше во посета на Саем на книгата во Скопје, на кој учениците имаа можност да се запознаат со сите нови наслови од издавачките куќи.
На 19 Септември беа доделени наградите од поетскиот фестивал „Детски гласови“ во Ресен, каде Михаела Костовска го освои второто место и доби златна статуетка, а Габриела Костадинова доби благодарница за посветен ментор и за значаен придонес и афирмација за проектот.

На 30 Септември во Дом на култура „Јане Сандански“ се одржа јавна презентација на проектот „Амбиенталноста во установите и фирмите во Општина Пехчево во услови на здравствена криза“, чиј носител на проектот беше проф. Јелица Николовска,а кординатор Габриела Костадинова.

– **Октомври** Во месец Октомври матична библиотека организираше низа активности. По повод 5 Октомври-светскиот ден на учителот Центарот за литература, уметност, култура, ораторство и јазик при Педагошкиот факултет од Битола распиша конкурс на тема „Учителот“ ликовен и литературен. Библиотеката учествуваше и на двата конкурси. На литературниот конкурс учествуваше со учениците Бранкица Јовевска од основно образование и Иван Јангелов од средно образование. На ликовниот конкурс учествуваше со ученичката Сара Тренчевска која доби пофалница во категоријата пофалени цртежи.

– По повод светската недела на детето директорката на библиотеката беше во посета на Детската градинка „7 Септември“ во големата група каде се одржа интерактивна настава со воспитачката Станка Стаменковска. Директорката им подари боенки, а децата имаа за задача да го пронајдат дадениот предмет и да го обојат. На крајот и таа доби подарок честитка изработена од нивни раце.

- На 14 Октомври во Скопје се одржа Втор Форум на библиотечна унија на земјите од ЦИЕ и НР Кина. Свое учество на форумот имаше и МБ„Кочо Рацин“-Пехчево.

- На 15 Октомври започнува Месец на книгата. По тој повод во посета на библиотеката беа учениците од I одделение со наставничката Павлинка Цикарска. Темпераментниот карактер на дечињата и нивните ѕвонливи гласчиња направија атмосфера која достигна вистинска кулминација. Се пееше,играше, црташе, се боеја овошја идр. Директорката им поставуваше гатанки, се даваа точни одговори. За успешно реализираниот настан дечињата добија подарок балони во боја со нивните имиња. Но и директорката доби подарок од нив во вид на цртежи, сликовници изработени од нивни раце.

– Библиотеката во соработка со Едукативниот центар за зачувување на природата организираа креативна работилница на ликовни и литературни творби на тема „Книга“ со учениците од средно образование. Настанот се одржа во Едукативниот центар во с.Негрево.

– На 27 Октомври во Едукативниот центар се одржа уште една интерактивна настава со малата група дечиња од Детската градинка „7 Септември“,чиј повод секако беше Месец на книгата. Наслов на активноста беше „Есента ни раскажува“, расказ „Жолта приказна“. Целта беше запознавање и емоционални доживувања на содржината како и развивање на способноста за препознавање на карактеристиките на годишното време -есен.
Кон крајот на месец Октомври библиотеката во соработка со Организација на жени-Пехчево организираше работилница на тема„Ткаењето на дрвен разбој-предизвик за младите од Пехчево“поткрепена со изложба на готови производи на мотиви од Црник, Негрево, Пехчево и

Радовиш. Презентери беа Димитар Симовски- ученик и Фимка Ковчегарска-етнолог од Берово. Работилницата се одржа во просториите на библиотеката„Кочо Рацин“.

– **Ноември** Библиотеката „Кочо Рацин“ во соработка со ООУ„Ванчо Китанов“ и наставникот по македонски јазик Ванчо Сивевски распишаа литературен конкурс по повод Месец на книгата на тема: „Влијанието на книгата врз учениците„ и „Омилен лик од прочитана книга“. Наградени беа следните ученици.

– 1(првото) место го делеа Бојана Ѓузелова и Ана-Марија Крчева.
– 2(второто) место го делеа Јана Тодоровска и близнаците Никола и Ненад Михаилови.
– 3(третото) место го делеа Ефимија Димитковска и Викторија Чабуковска.

Со доделување на дипломи и книги на наградените ученици заврши манифестацијата „Месец на книгата“.

Тековно во месец Ноември се набавуваа нови наслови од издавачките куќи за потребата на читателите. А воедно во Ноември библиотеката доби и подарок книги од Делчево од Спириндон Митевски-професор по историја во пензија кој е родум од с. Панчарево, а живее во Делчево и од поетесата Наташа Алексовска од Куманово.

– **Декември** Во месец Декември библиотеката организираше две активности. Едната е по повод 100 години од раѓањето на Блаже Конески и 82 години од излегување на првата збирка поезија „Бели Мугри“ од Кочо Рацин на македонски јазик како и 113 години од раѓањето на Рацин. А втората активност е по повод Нова година.

Оваа година македонскиот народ, македонските културни и општествени институции одбележуваат значаен датум:

100-годишнината од раѓањето на Блаже Конески, великанот од Небрегово, врвен поет, книжевник, литературен научник, еден од најзначајните личности во целокупната нејзина историја. По тој повод во просториите на библиотеката се одржа чествување на ликот и делото на Блаже Конески каде читателите рецитираа од неговата поезија. А, бидејќи во Декември е роден и Кочо Рацин – поет,револуционер, значајна личност во македонската литература учениците читаа песни од неговата стихозбирка „Бели Мугри“.

– По повод Нова година во просториите на библиотеката ќе се одржи креативна работилница на тема „Подарок за библиотеката“. Вештите раце на креативните читатели ќе придонесат за разубавување на амбиенталноста во самиот простор.

**Програма за работа во 2022 год**

**ВИЗИЈА:**

Библиотеката ја гледам како информациски и вредносен капитал кој ќе му служи на знаењето, мудроста, уметноста,образованието, читањето и пишувањето. Центар со најпогодно опкружување и подршка за креативност, истражувачка работа, учење и забава кој ќе им служи на сите граѓани од Општина Пехчево.

**МИСИЈА:**

Да се приближат информациите, знаењето и културата на жителите од општината, да се одговори на потребите и побарувањата на корисниците со избрани, стручно засновани и мрежни услуги преку кои се поттикнува читањето, придонесува за непристрасно информирање на граѓаните,

образованието и културниот живот.

Мисијата на библиотеката во периодот на 2022 година ќе се остварува преку следните стратешки цели:

а) Избор, набавка,чување и организирање на пристап до оригиналните записи на човековата мисла.

б) Стручна обработка на библиотечниот фонд

в)Подигање на нивото на писменост, како и стручниот и креативен развој на корисниците на библиотечните услуги, како и на самите библиотекари.

г) Обезбедување на лесно достапен и пријатен простор за разновидни кориснички услуги.

д) Употреба на иновативна технологија која овозможува висок степен на продуктивност во работењето.

ѓ) Поттикнување и користење на мрежните извори

е) Поттикнување на стручна комуникација и соработка со партнерските библиотеки и други образовни институции во регионот и пошироко.

ж) Голем број разновидни активности од типот на промоции, литературни читања, конкурси за секој месец во годината.

з) Во Јануари се предвидува организирање на креативни, едукативни работилници од обласа на културното наследство ткаење, везење, плетење.

ѕ) Во Февруари се предвидува поетско-забавна вечер по повод Св. Трифун и Св. Валентин.

и) Во месец Март по повод светскиот ден на поезијата се предвидува приклучување на кампањата „Плати кафе со поезија“ во која млади поети пишуваат поезија и со своите стихови го плаќаат своето кафе. Во Март се предвидува едукативна работилница од обласа на уметноста, односно обуки за методите декупаж, филцање на волна, изработка од филц и сл.

ј) Во Април се предвидува интерактивна настава со учениците од прво до четврто по повод светскиот ден на детската л-ра. А по повод 23 Април- светскиот ден на книгата и авторското право се предвидува активноста под мотото „Наградување на читатели рекордери и најчитатели рекордери“ По повод 7 Април- денот на здравството се предвидува едукативна работилница од обласа на здравството. Значењето на крводарителството и значењето на физичката активност за здравјето на луѓето.

к) Во Мај се предвидува учество на фестивалот на поезија„Мајски поетски цвет“ во Кочани.

л) Во Јуни се предвидува промоција на книги на македонски писателки што го организира издавачката куќа „Сакам книги“ од Скопје.

љ) Во Јули по повод празникот Св „Петар и Павле“ се предвидува едукативна работилница од обласа на храната,односно значењето на традиционалната храна и подготовка на брошура на традиционални рецепти.

м) Во Септември по повод ослободувањето на Пехчево се предвидува културна манифестација за првоборецот Ванчо Китанов.

н) Во Октомври по повод Месец на книгата се предвидува ликовен и поетски конкурс во кој ќе бидат застапени ученици од основното и средното образование.

н) Во Ноември по повод завршување на месецот на книгата се предвидува интерактивна настава со дечињата од детската градинка 7ми Септември, со учениците од шесто до осмо одделение. Организирање на малешевско-пијанечка вечер во која ќе настапат поети од Пехчево,Берово и Делчево.

њ) Во Декември по повод Нова Година се предвидува да се организира поетско-музички перформанс во еден од локалите во Пехчево и доделување на скромни пакетчиња на најмалите учесници на манифестацијата.

1) И во 2022 година за корисниците на библиотечната читална ќе се обезбеди досегашниот дневен весник „Вечер“. Доколку се има финансии ќе се обезбеди уште еден весник и тоа „Нова Македонија“.

п) Преку целата 2022 година ќе се врши редовно зачленување на читателите. Членскиот влог ќе изнесува 200,00 ден на годишно ниво, 300,00 ден семејна членарина и 100,00 за три месеци.

**Пехчево, 2022 год,** **Директор**

**Габриела Костадинова**

---

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за разрешување и именување на нови членови на Комисијата за процена на штета при елементарни непогоди**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за разрешување и именување на нови членови на Комисијата за процена на штета при елементарни непогоди, што советот на општина Пехчево ја донесе на втората седница одржана на ден 23.12.2021 година.

Бр. 09-1386/43
23.12.2021 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локалната самоуправа (Сл. весник на Р.М бр.05/2002), и член 31 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 23.12.2021 година донесе

**О Д Л У К А**
**за разрешување и именување на нови членови на Комисијата за процена на штета при елементарни непогоди**

**Член 1**

Со оваа Одлука се разрешуваат членовите на Комисија за процена на штета при елементарни непогоди со Одлука на Совет на општина Пехчево бр.08-982/1 од 27.08.2021 година и се именуваат нови членови во истата Комисија.

**Член 2**

Комисијата ќе биде во следниот состав:

- Николчо Станоевски - Одделение за урбанизам при општина Пехчево,
- Љупчо Галазов - Одделение за урбанизам при општина Пехчево,
- Ефтим Андоновски - Одделение за урбанизам при општина Пехчево,
- Љупчо Костадинов - член од Совет на општина Пехчево и
- Миле Гошевски - член од Совет на општина Пехчево

**Член 3**

Комисијата има за задача:

- да излезе на увид на лице место и да ја утврди состојбата на површините, согласно Единствената методологија за процена на штетите од елементарни и други непогоди, во зависност од тоа од каква непогода или друга несреќа е настаната штетата и во најбрз можен рок да изготви Записник со проценета штета, кој треба да го достави до архивата на општина Пехчево;

- Утврдувањето на висината на штетата да се започне веднаш по настанувањето на непогодата, а најдоцна 30 (триесет) дена од престанокот на непогодата;

- Да изработи збирен извештај за проценетите штети на подрачјето на Општината и да го достави до Советот на Општината на разгледување;

- Усвоениот извештај да го достави до Републичката комисија за процена на штети;

- Да врши и други работи согласно Законот за заштита и спасување и другите законски прописи што ја уредуваат оваа проблематика.

**Член 4**

Комисијата за процена на штети при елементарни непогоди има право да ангажира и други стручни лица (надворешни членови), ако природата на непогодата го бара тоа.

**Член 5**

Комисијата е со мандат од 4 (четири) години од денот на назначувањето.

**Член 6**

Одлуката стапува во сила од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1384/1
23.12.2021 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

**С О Д Р Ж И Н А:**

1. Одлука за формирање на Комисија за Статут и прописи ________________________________3;
2. Одлука за формирање на Комисија за финансирање, Буџет и локален економски развој _____4;
3. Одлука за формирање на Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина _________________________________________________________________ 5;
4. Одлука за формирање на Комисија за изработка на Програма на Советот на општина Пехчево _________________________________________________________________________ 6;
5. Одлука за формирање на Комисија за заштита на пациентите ____________________________ 7;
6. Одлука за формирање на Комисија за одбележување на значајни настани _________________ 8;
7. Одлука за формирање на Комисија за општествени дејности _____________________________ 9;
8. Одлука за формирање на Комисија за венчавки __________________________________________ 10;
9. Одлука за формирање на Комисија за еднакви можности на жените и мажите ____________ 12;
10. Одлука за формирање на Комисија за заштита на потрошувачите ________________________ 14;
11. Одлука за усвојување на Буџет на општина Пехчево за 2022 година _____________________ 15;
12. Одлука за извршување на буџетот на општина Пехчево за 2022 година __________________ 59;
13. Одлука за утврдување вредност на бодот за платите на државните службеници за 2022 година ________________________________________________________________________65;
14. Одлука за утврдување на висината на благајничкиот максимум за 2022 година ____________ 66;
15. Одлука за усвојување на Буџетскиот календар на општина Пехчево за 2023 година ________ 67;
16. Одлука за усвојување на Одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево, за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување, за регулиран период 2022-2024 година ______________________________________________________________________ 69;
17. Одлука за усвојување на одлука од УО на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води, за регулиран период 2022-2024 година ______________________________________________________________________ 72;
18. Одлука за висината на цената за собирање и транспортирање на комунален отпад од вилите на туристичкиот локалитет Равна Река – Пехчево _____________________________________ 75;
19. Одлука за разрешување и именување на член на Управен одбор на ОЈУДГ ,,7 Септември,, - Пехчево __________________________________________________________________ 77;
20. Одлука за разрешување и именување на член на Управен одбор на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево __________________________________________________________________ 78;
21. Програма за работа на советот на општина Пехчево за 2022 година _____________________ 79;
22. Одлука за користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси, специјални возила и мотоцикли за 2022 година _______________________________________________ 85;
23. Одлука за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност и одредување на минимална површина за фрижидери пред деловните објекти за 2022 год ___ 87;
24. Одлука за плаќање на фирмарина, односно назив на деловна просторија за 2022 година ___ 89;
25. Одлука за купување, отуѓување и оптоварување на недвижен имот во сопственост на општина Пехчево за 2022 година ________________________________________________________ 90;
26. Заклучок за не утврдување на пазарна вредност на недвижен имот (Земјоделско земјиште) за 2022 година _________________________________________________________________ 91;
27. Одлука за утврдување на зони за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот, утврдување на пазарна вредност на градежно земјиште за град Пехчево и населените места во општина Пехчево и утврдување на пазарна вредност на недвижности и права на земјоделско земјиште за 2022 год ____________________________________________________________92;
28. Заклучок за отпис на комунална такса за истакната фирма и данок на имот за 2022 година _ 95;
29. Одлука за определување на дефицитарни занимања и занаети во изумирања на територијата на општина Пехчево за 2022 година _________________________________________________ 96;
30. Одлука за утврдување на висината на стапката на данок на имот за 2022 година __________ 97;

31. Одлука за утврдување на висината на стапката на данок на наследство и подарок за 2022 година ________________________________________________________________ 98;
32. Одлука за утврдување на висината на стапка на данок на промет на недвижности за 2022 год____________________________________________________________________ 99;
33. Одлука за условите што мора да ги исполнуваат објектите за нештетно отстранување на животински мрши за 2022 година ____________________________________________ 100;
34. Одлука за посебни сообраќајно технички мерки за забавување на сообраќајот за 2022 год _101;
35. Заклучок за формирање на Комисија за објекти кога постои опасност од уривање за 2022 год___________________________________________________________________ 102;
36. Одлука за определување на име на улици во место викано Брегалница - Равна река, општина Пехчево ______________________________________________________________ 103;
37. Одлука за усвојување на годишен извештај за финансирање на проекти од областа на културата на општина Пехчево за 2021 година ______________________________ 104;
38. Одлука за усвојување на правилник за попис на основни средства, инвентар и подвижен имот и побарувања и обврски на општина Пехчево ______________________________ 107;
39. Одлука за разрешување и именување на член на Управен одбор во ЈЗУ Здравствен Дом Д-р ,,Иван Георгиев,, - Пехчево _____________________________________________ 112;
40. Одлука за усвојување Програма за проекти од областа на културата на ОУ ДК ,,Јане Сандански,, - Пехчево за 2022 година ____________________________________ 113;
41. Одлука за усвојување на годишен извештај за работа на ОУ МБ ,,Кочо Рацин,, - Пехчево за 2021 година и Програма за работа на ОУ МБ ,,Кочо Рацин,, - Пехчево за 2022 година ____ 115;
42. Одлука за разрешување и именување на нови членови на Комисијата за процена на штета при елементарни непогоди ____________________________________________________ 123;